# ПЕНЗИОНЕР плус

СЗПМ **БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК**
» за сегашни и за идни пензионери

Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk

NLB Тутунска банка

Година V, број 51 ISSN 1857-7660 26 октомври 2012 година


Делегација на пензионери во Владата на РМ

## Соработката продолжува: пензиите ќе се зголемат



Делегација на раководството на СЗПМ на 26 септември имаше средба во Владата на Република Македонија, со премиерот Никола Груевски, вицепремиерот и министер за финансии Зоран Ставревски и министерот за труд и социјална политика Спиро Ристовски. Премиерот **Никола Груевски** на средбата соопшти дека 270.000 пензионери со мартовската пензија наредната година ќе добијат покачување за 7 проценти или 5% зголемување и 2% преку усогласување со животните трошоци. Ова е особено значајно кога има пораст на цените на енергенсите, на комуналиите, на прехранбените производи друго.

– Покачувањето од 5% е вкалкулирано во пресметките на Буџетот за 2013 година. Ние и покрај тешките услови во кои се наоѓа европската и македонската економија и бројните предизвици, им го имавме ова ветено на пензионерите и остануваме на ветувањето. Освен тие пет проценти ќе има и индексација која што зависно од движењето на трошоците за живот и платите која ќе биде некаде околу два проценти за наредната година, така што кумулативно покачувањето ќе биде околу седум проценти. Исто така, пензиите и понатаму ќе се исплаќаат во првата недела од месецот. Знаеме дека пензиите не се доволни, но важно е пензионерите и нивните семејства да знаат дека ќе ги добијат навреме, за да си ги испланираат домашните буџети. Така беше досега, така ќе биде и во иднина. И покрај сите проблеми и искушенија пензиите се наш приоритет и ќе бидат исплаќани како што сме ветиле, – рече меѓу другото министерот **Зоран Ставревски**. Вицепремиерот потсети и на неколку други мерки со кои Владата го оддржува стандардот на пензионерите како неодамна соопштената мерка и во сабота пензионерите бесплатно да го користат јавниот градски превоз, намалувањето на цените на лековите и друго.

– Ако се соберат сите овие мерки ќе покажат дека Владата води посебна грижа за повозрасните коишто низ работниот век заслужиле сега да имаат помалку грижи и на најдобар начин да ги користат пензиите, – рече Ставрески.

– Ние сме задоволни од оваа одлука на Владата за зголемување на пензиите на пензионерите. Ова ќе биде поздравено од сите пензионери бидејќи знаеме каква е економската криза во Европа, индексацијата во многу земји е укината, некаде пензиите се намалени, а ние редовно ги земаме пензиите во првата недела од месецот. Со ова зголемување ќе се придонесе на некој начин да се ублажи сиромаштијата што ја носи секоја криза во економијата, – истакна претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**.

За вицепремиерот и министер за финансии Зоран Ставрески зголемувањето на пензиите е остварување на ветувањето на Владата и доказ дека оваа Влада постојано води грижа за пензионерите и за подобрување на нивниот стандард.

– Средбите со пензионерите се исто како и средбите со земјоделците, со бизнисмените... Тоа е начин на работа на оваа Влада кој ја прави различна од поранешните. Ние остануваме постојано отворени кон сите и кога можеме да им донесеме добри вести и кога треба да ги прашаме нешто како треба да направиме, да ни дадат совет. Секогаш кога нешто е тешко и не можеме да го оствариме мораме да се видиме со луѓето, да се објасниме, да разговараме за да нема недоразбирања. Луѓето треба да знаат што правиме. Тоа е наш начин на работа, – рече вицепремиерот Ставрески и притоа додаде дека од пензионерите добиваат и совети, со нив споделуваат и одредени размислувања како да се спроведат одредени мерки.

– Еве на пример за последната мерка за зголемување на пензиите разговараме и ќе разговараме за тоа како да се спроведе, дали да одиме процентуално со петте проценти кај сите или пак распределбата на средствата да биде во апсолутен износ. Како ќе биде ќе зависи од тие разговори, – рече вицепремиерот Ставрески.

На средбата беа изнесени позитивни оцени за организацијата, квалитетот и масовноста на 17. републички пензионерски спортски натпревари и на Републичката ревија на песни, музика и игри што се одржаа по повод 10 годишниот јубилеј во Скопје, кои се одржаа под покровителство на Владата на Република Македонија.

**Калина С. Андонова**

## Во Универзалната сала на моменти пееше хор од 1.500 пензионери

На 25 септември, Универзалната сала во Скопје беше претесна да ги прими над 1.500 учесници и гости кои дојдоа од целата земја, на Републичката ревија на песни, музика и игри која се одржа по повод 10–годишниот јубилеј на ревиите. Ревијата се одржа под покровителство на министерката за култура Елизабета Канческа – Милевска и градоначалникот на Скопје и претседател на ЗЕЛС Коце Трајановски. Важноста на манифестацијата ја згомеија со своето присуство и министерот за труд и социјална политика Спиро Ристовски, претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија Живко Митревски, советникот во министерството за труд и социјална политика претходно се одржаа во Пробиштип, Куманово, Тетово, Битола, Кочани и Кавадарци. И на оваа ревија пензионерите се покажаа како вистински чувари на традицијата и идентитетот на сите кои живеат во Македонија, враќајќи ги од заборав преубавите песни, ора и обичаи. Песните беа радост за душата, а разнобојните носии празник за очите. Игроорците играа во придружба на силни аплаузи, а песните ги пееја сите присутни во салата.

Невидена беше леснотијата и убавината на орото и песната која ја пееја луѓе кои беа на 70, 80, а и повеќе години. Глетката беше прекрасна. На моменти во Универзалната сала пееше хор од 1.500 пензионери.



Зоран Блажевски и многу други гости кои ја респектираат пензионерската популација. Домаќин на оваа незаборавна културна средба беше Сојузот на здруженијата на пензионерите на град Скопје.

По поздравните обраќања на претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**, градоначалникот на Скопје **Коце Трајановски** и министерката за култура на Република Македонија **Елизабета Канческа - Милевска** се заредија песни и ора од сите краеви на нашата земја. На ревијата настапија хорови, ансамбли, оркестри, поединци и групи селектирани како најдобри од 6–те регионални ревии на песна, музика и игри кои

Веселбата и дружењето продолжија во комплексот на хотелот NEW STAR, каде што беа поделени благодарници на сите здруженија кои учествуваа на ревијата. Оваа убава и значајна културна манифестација го збогати културниот живот на пензионерите, на градот и на државата. Ревијата е уште една од активностите на Сојузот во прилог на активното стареење и посодржаен и подостоинствен живот на пензионерската популација.

Ревијата се одржа и во чест на Денот на пензионерите на Македонија, кој свечено и достоинствено беше одбележан речиси во сите здруженија во земјата. **К.С.А.**

## Свечено одбележан Денот на пензионерите

Денот на пензионерите 20. септември, здруженијата членки на СЗПМ го одбележаа со пригодни програми и многубројни активности и чествувања. Шеесет и шестгодишнината од пензионерското организирање во Македонија беше повод повеќето здруженија од Сојузот пригодно да го одбележат овој историски датум со свечени седници, спортско–рекреативни и културно–забавни манифестации. За значењето на празникот зборуваа претседателите на здруженијата и истакнати гости и активисти кои, покрај другото, кажуваа за успесите и постигнатите резултати. Речиси на сите чествувања беа присутни и градоначалниците што зборува за успешната соработка со локалната самоуправа. По повод празникот беа организирани предавања, научни екскурзии, многубројни прошетки и посети на културно–историски знаменитости, средби со здруженија од соседните држави, пикници и заедлички дружења, организирани посети на болни, социјално загрозени и стари изнемоштени лица и друго. Исто така, беа прославени јубилејни годишници на повеќе здруженија кои се совпаднаа со одбележувањето на заедничкиот празник и на 21 година на независна и самостална Република Македонија, како и Денот на востанието 11. октомври. Во годината која ЕУ ја прогласи за година на активно стареење и меѓугенерациска соработка и солидарност, чествувањето на Празникот на пензионерите доби уште поголемо значење бидејќи најголемиот број активности беа организирани и реализирани во тој дух, а со цел подобрување на здравјето и квалитетот на животот на најмасовната популација од трата животна доба. **М.Д.**

**ВО ОВОЈ БРОЈ...**


АКТИВНОСТИ стр. 2



**12. ФЕСТИВАЛ НА ТРЕТА ЖИВОТНА ДОБА ВО ЉУБЉАНА** стр. 3

ИНФО стр. 4



**ПУСТЕЦ НЕ Е „ПУСТЕЛИЈА“** стр. 5

**ЛИДЕР** стр. 7



**РЕПУБЛИЧКА РЕВИЈА ПО ПОВОД 10 ГОДИШНИОТ ЈУБИЛЕЈ** стр. 8 и 9

ПАНОРАМА стр. 10



**„МАВРОВО 2012“** стр. 11

**PENSIONET DO TË RRITEN PREJ MARSIT 2013** стр. 12

ЗДРАВСТВО стр. 13

ЗАБАВА стр. 15

**АКТИВНОСТИ ПО ПОВОД ДЕНОТ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** стр. 16



Вашата пензија секогаш на први во месецот.
НЛБ Сребрен пакет
NLB Тутунска банка

14 седница на ИО на СЗПМ

# Септемвриските активности ги надминаа очекувањата

Извршниот одбор на СЗПМ на 27 септември ја одржа 14. седница на која посебно беа дадени оцени за многубројните значајни и успешни активности по повод 20–ти септември – Денот на пензионерите на Македонија. Септемвриските активности ги надминаа очекувањата, истакна при отворањето на седницата претседателот Драги Аргировски, аргументирајќи ги масовноста и квалитетот на Регионалните ревии на песни, музика и игри во Кочани и Битола, на средбите во Лесново и во Кичево, на јубилејната свеченост во Велес и на културната манифестација во Кавадарци, на промоцијата на монографија во Охрид итн. Секако, како што потсети Аргировски, во фокусот беа и двете манифестации што ги организираше СЗПМ: 17. републички пензионерски спортски натпревари кои за првпат се одржаа во Скопје и Републичката ревија на песни, музика и игри по повод десетгодишниот јубилеј на ревиите.



Републичките пензионерски спортски натпревари кои се одржаа под покровителство на Претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски, и на кои присуствуваа и се дружеа над 1.150 натпреварувачи и гости, како и Републичката ревија на песни, музика и игри која се одржа по повод 10–тиот јубилеј на игрите пред 1.500 присутни под покровителство на министерката за култура Елизабета Канческа – Милевска и претседателот на ЗЕЛС и градоначалник на Скопје Коце Трајановски беа позитивно оценети заради квалитетот и масовноста на истите.

На седницата потпретседателот на ИО на СЗПМ Методија Тошевски ги извести присутните дека СЗПМ се одзва на јавниот повик на Владата за учество на граѓанскиот сектор во изготвување на Програмата на Владата за 2013 година.

На седницата со акламација едногласно за член на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, беше предложен претседателот на СЗПМ Драги Аргировски.

Членовите на ИО беа известени дека на 1–ви октомври 2012 година на Фестивалот 3ŽD во Љубљана – Словенија ќе гостува ЗП Кочани.

На седницата се донесе одлука Комисијата за здравство и социјална политика на СЗПМ да подготви информација за состојбата во пензионерските домови во Македонија со кои стопанисуваат здруженијата на пензионерите – членки на СЗПМ.

Во дискусиите на седницата учествуваа: Јован Ефтимов, Илија Адамоски, Стево Бојаџиев, Доне Тодоровски, Ѓорѓи Серафимов, Душко Ристески, Рамиз Казимовски, Александар Захариев, Станка Трајкова, Методија Тошевски, Зоре Мицкоски, Бесник Поцеста, Спиро Николовски, Адем Османфари , Надежда Давчева и други.

**Калина С. Андонова**

# Средба со воени пензионери од Србија



Педесетина активисти и членови од здруженијата: на Воените пензионери на Србија, на Потомците на воините од 1912 – 1920 и на Семејствата на паднатите борци во војните од 1990 – 1999 година, на пропатување низ Македонија, на 30 септември повеќе време се задржаа во Скопје и ги разгледаа културно–историските споменици и другите вредности и обележја што ги доби Метрополата последните неколку години. Притоа, претставници на овие невладини организации остварија средба со активисти од раководствата на здруженијата на воените пензионери, на воените ветерани и резервисти од одбраната и безбедноста и на невладината организација "Вистина", на која беа разменети искуства од работата и дејствувањето на здруженијата со цел зајакнување на меѓусебната соработка и давање поддршка во развивањето и јакнењето на добрососедските односи. По тој повод беше организирано повеќечасовно заедничко дружење во хотелот "Бристол", на кое од здруженијата домаќини на присутните им се обратија претседателот на ветераните, генералот во пензија Илија Николовски и потпретседателот на ЗВП Ѓорги Зарински. Импресивно обраќање имаше и секретарот на Здружението на воените пензионери на Србија, Павле Лучичиќ, кој ги освежи своите сеќавања на убаво поминатите години на служба во Македонија. Сите од средбата беа задоволни и понесоа добри впечатоци.

**М. Димовски**

Меѓународен ден на мирот

# Мировен марш на ветераните

По повод Меѓународниот ден на мирот Главниот и градскиот одбор и општинските одбори на Сојузот на борците на Македонија од НОАВМ 1941 – 1945 година и граѓаните продолжувачи на традициите, на 21 септември оваа година, организираа мировен марш под мотото „Ветераните чекорат за мир“.

Одбележувањето на овој значаен датум отпочна во 11 часот со мировен марш од пред Собранието на Република Македонија до Споменикот на ослободителите пред Владата на РМ, каде што беше интонирана Химната на Република Македонија и беа одржани поздравни говори и пригодна програма. Посебно забележливо обраќање имаше претседателот на Главниот одбор на СБМ и учесник во настаните од НОАВМ, генералот во пензија Тодор Атанасов, кој го истакна историското значење на Народно ослободителната војна во Македонија.

**Д.М.**

# Меморандум за соработка помеѓу ССМ и СЗПМ

Долгогодишната соработка помеѓу Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и Сојузот на синдикатите на Македонија, на 8–ми октомври



оваа година, во просториите на ССМ, беше официјализирана со потпишувањето Меморандум за соработка на овие две значајни невладини организации. Претседателите на двата сојузи, на ССМ Живко Митревски и на СЗПМ Драги Аргировски дадоа изјави за електронските и пишаните медиуми, при што го нагласија историското значење на овој настан, со кој се очекува да се зголеми влијанието за дејствување на работниците и на пензионерите во остварувањето на своите законски права.

На средбата, на која присуствуваа раководствата на двата Сојузи, помеѓу другото, стана збор за изработка и имплементирање на проекти и реализација на целите од заеднички интерес.

**М.Д.**



**СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА**

**СОЈУЗОТ НА СИНДИКАТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА**

## МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**I. Страни**

Овој документ претставува Меморандум за соработка помеѓу

**Сојузот на синдикатите на Македонија и**

**Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија**

**II. Цел**

Сојузот на синдикатите на Македонија и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија претставуваат независни, самостојни, мултиетнички и репрезентативни организации чие целосно работење е насочено кон подобрување на положбата на работниците за време на работниот век и на положбата на работниците по пензионирањето, односно подобрување на животот на пензионерите.

Здружувајќи ги своите интереси за постигнување на индивидуални и заеднички цели, Сојузот на синдикати на Македонија и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија се одлучија да ја унапредат својата соработка и заеднички да настапуваат во остварување на поедини цели.

Целта на меморандумот е да се изрази заедничка соработка и меѓусебна поддршка на:

– подобрување на материјалната и социјалната положба на работниците и корисниците на пензија преку заштита на стекнатите права и нивно унапредување и проширување;

– унапредување на националното законодавство и негово усогласување со стандардите на законодавството на Европската Унија и конвенциите и препораките на Меѓународната организација на труд;

– двете организации ќе соработуваат во насока на подобрување на пензискиот систем во Република Македонија преку инплементирање на добрите практики во делот на уредувањето и остварувањето на правата од тој систем, како и преку финансиско зајакнување на истиот преку зголемувањето на вработувањата во државата. Во рамките на овие активности посебна е заедничката заложба за што повеќе изградба на пензионерски домови и клубови;

– остварување на правата на работниците и пензионерите утврдени со Уставот на РМ, законите и колективните договори, особено во делот за редовни исплати на плати и пензии, одржување на реалната вреднот на платите и пензиите и нивно редовно усогласување, согласно закон и колективен договор;

– двете организации ќе се залагаат за поквалитетна здравствена заштита, ослободување или намалување на партиципацијата за лекови, развој на хуманитарната димензија, солидарноста и поголема поддршка и помош на старите и изнемоштени лица;

– достоинствено претставување на Република Македонија пред меѓународните институции и јавноста;

– двете организации се обврзуваат да влијаат на подобрување на социјалниот дијалог во Република Македонија и соработка и взаемна подршка за прашања што се од заеднички интерес пред надлежните органи и Економско социјалниот совет;

– организирање на заеднички проекти за прашања од зеднички интерес;

– размена на податоци, знаења и искуства;

– соработка на Секцијата на жени при ССМ со Активот на пензионерки при Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

– подобрување на взаемна соработка на информативните гласила на двете организации, по прашања наведени во Меморандумот.

**III. Принципи на соработка**

Соработката меѓу двете организации ќе се заснова на принципите на меѓусебно почитување, надополнување, како и стручно уважување.

Принципите на соработка ќе бидат засновани и во согласност со националните заложби и Статутите на секоја организација, како и според Европските препораки и директиви кои ја покриваат оваа област.

**IV. Одговорности на заинтересираните страни**

Двете страни се согласуваат заеднички да настапуваат во остварувањето на заедничките цели;

Сите достигнувања кои ќе бидат постигнати, на јавен и транспарентен начин ќе бидат претставени како достигнувања на двете страни, со јасно и недвосмислено искажување и истакнување на полното регистрирано име на другата договорна страна покрај сопственото име.

Двете страни се обврзуваат дека сите свои активности ќе ги спроведуваат следбено на важечките законски прописи, како и пропишани меѓународни акти и стандарди и ниедна страна не може да работи на своја, или на штета на другата страна.

Меморандумот се потпишува во четири примерока, по два за секоја страна.

Скопје 08.10.2012 година

Претседател на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија

Драги Аргировски

Претседател на Сојузот на синдикатите на Македонија

д–р Живко Митревски

Средба на претставници на СЗПМ и на Градскиот сојуз на ЗП со градоначалникот на Скопје

# Бесплатен превоз и во саботите

Градоначалникот на Скопје Коце Трајановски на 24 септември оваа година оствари средба со претседателот на СЗПМ Драги Аргировски и со претседателот на Градскиот сојуз на ЗП Крсте Ангелевски, на која присуствуваше и секретарот на ИО на СЗПМ Станка Трајкова. На средбата стана збор за реализацијата на договорените проекти за помош на пензионерите од двата сојуза и со задоволство беше констатирано дека Градот доследно ги исполнува обврските од потпишаниот Меморандум за соработка и служи за пример на другите општини во Македонија. Во изјавата за медиумите градоначалникот Трајановски ја истакна добрата соработка со раководствата на двата сојуза која придонесе да се реализираат повеќе проекти, како што е реновирањето на Рекреативниот центар Катланово, како и зголемувањето на бројот на деновите за бесплатен превоз на стари лица. За оваа намена Градот има издвоено потребни средства, така што, пензионерите во Скопје уште еден ден во неделата (сабота) беплатно ќе се возат со автобусите на ГСП.



Претседателот Аргировски искажа благодарност до Градоначалникот на Скопје за помошта што им ја дава на пензионерите и во исполнувањето на спортско–рекреативните, културно–забавните и другите активности, кои го подобруваат квалитетот на животот на оваа популација граѓани. Во тој контекст посебно се заблагодари за покровителството на градоначалникот Трајановски за одржување на јубилејната Републичка ревија на песни, музика и игри, со бесплатното отстапување на Универзалната сала во Скопје како и за зголемувањето на деновите за бесплатно возење на пензионерите.

**М.Д.**

# Нова незаборавна средба во Лесново

Лесновскиот манастир е своевиден бисер на богатото македонско културно наследство. Се наоѓа на 900 м надморска височина скриен во прегратките на борова и дабова шума во непосредна близина на селото Лесново.

Изграден е 1341 година, на темели од постара црква. Неговиот фрескопис и иконостас во дрворез се вбројуваат меѓу најубавите и највредните објекти од ваков вид на Балканот, кој во себе крие многу тајни и приказни.



Токму овој преубав амбиент пензионерите и оваа година го одбраа за организирано дружење по повод 20 септември – Денот на пензионерите на Македонија. На овој ден во Лесново се собраа пензионери од 20 здруженија во импозантен број од околу 4.000 од целата наша земја. На денот кога манастирот го слави празникот Мала Богородица имаше уште толку и други граѓани од сите возрасти. Собирот кај манастирот „Гаврил Лесновски" беше вистинска меѓугенерациска средба.

Присутните најнапред ги поздрави Груица Манасиевски претседател на ЗП Пробиштип, а градоначалникот Тони Тоневски им посака на пензионерите добро здравје и долг живот, потенцирајќи дека пензионерите секогаш се добро организирани и затоа е задоволство да се дружи и да се соработува со нив. И потпретседателот на ИО на СЗПМ Методија Тошевски им ги честита на пензионерите двата празника посакувајќи им уште многу вакви заеднички дружења.

Претседателите од присутните здруженија на пензионери во Лесново се сретнаа и со потпретседателот на ИО на СЗПМ, Методија Тошевски, при што беа разменети мислења и искуства на пензионерите поврзани со нивните здруженија. На средбата присуствуваа и градоначалникот на Пробиштип Тони Тоневски, претседателот на Советот на Општината Ранко Давитков, како и голем број претставници на бизнис–секторот.

Со музика, со песна и ора од сите краеви на Македонија, пензионерите и другите присутни на овој голем собир се дружеа до доцните попладневни часови. И дружењето и доброто расположение беа вистинско меѓугенерациско дружење какво што ретко може да се сретне каде било во Европа, во Годината на активно стареење и меѓугенерациска соработка и солидарност.

**М. Здравковска**

Свечена седница на ИО на ЗП – Центар

# Збратимување со кочанското здружение

Здружението на пензионерите на општина Центар, на 17–ти октомври одржа свечена седница на која беа присутни претседателот на СЗПМ Драги Аргировски и претседателот на ИО на ЗП Кочани Ѓорѓи Серафимов со неговите соработници. Седница ја отвори претседателот на ИО на ЗП Центар Павле Спасев, кој ги поздрави гостите и присутните, при што ја соопшти и одлуката на ИО за збратимување со кочанското здружение, која Собранието едногласно ја усвои.



Спогодбата за збратимување ја потпишаа претседателот на Собранието на ЗП Центар Крсте Ангеловски и претседателот на ИО на ЗП Кочани Ѓорѓи Серафимов.

Претседателот Серафимов нагласи дека одлуката за соработка ја прифатиле и поздравиле сите членови на ЗП Кочани кое го опфаќа подрачјето на три општини: Кочани, Чешиново и Зрновци. Тој истакна дека ова здружение е мошне активно и со успех ги решава прашањата и проблемите на пензионерите од своето подрачје. Говорејќи за Спогодбата тој ја нагласи потребата да се изнајдат форми за практична соработка, која треба постојано да се зајакнува и да се збогатуваат содржините на заедничката работа.

Поздравувајќи го овој свечен чин, претседателот на СЗПМ Драги Аргировски го изрази задоволството што и двете здруженија се познати по своите напори за создавање подобри услови за живот на луѓето од третата животна доба. Успесите на здруженијата се и успеси на Сојузот. Сигурен сум, истакна претседателот Аргировски, дека овој договор брзо ќе помине од хартија на дело.

Д–р Крсте Ангеловски го изрази верувањето дека оваа соработка ќе биде успешна и пример за останатите здруженија. Потоа тој како мошне позитивна ја оцени соработката со Сојузот на ЗП на Македонија, со локалната самоуправа – со градоначалникот на Центар Владимир Тодоровиќ, со кого ЗП Центар има потпишано Спогодба за соработка, а посебно со градоначалникот на Скопје Коце Трајановски кој секогаш е подготвен да ги задоволи потребите на пензионерите.

На оваа свечена седница беше договорено двете здруженија во своето работење да ги користат искуствата што ги поседуваат, а особено во реализирањето на взаемните активности, као што се: работите и активностите за организирано остварување на правата на пензионерите, покренување прашања и иницијативи пред надлежните за разгледување и решавање на прашањата и проблемите од пошироко значење, организирање културно–забавни, спортско–рекреативни активности, како и повеќе хуманитарни акции.

**Цветанка Илиева**

12–ти фестивал на трета животна доба во Љубана

# Традиционално со пензионери од Македонија

Во годината посветена на активното стареење и генерациска соработка и соживот, најголемото случување посветено на ова европско мото се одвиваше во Љубљана од 1 до 3 октомври на 12–тиот Фестивал на тртета животна доба. На овој голем Фестивал, по третпат има учесници од пензионерските здруженија од Македонија, а оваа година, пред словенската и меѓународната публика настапи КУД од ЗП Кочани. Првиот ден на Фестивалот играорците, свирачите и пејачите од Кочани со развиено Македонско знаме и во народни носии ги освоија симпатиите на пробирливата публика најпрво настапувајќи на отворена сцена, а потоа и како единствено странско друштво на „Вечер на песна и игри" во преполната Линхартова дворана во Цанкаревиот дом на културата. Нашите претставници беа единственото друштво кое со аплауз беше вратено на „бис" и заслужено добија писмено признание. Наредниот ден, на 2–ри октомври КУД Кочани имаше повторно настап на отворена сцена, а воодушевеноста на публиката беше изразена со долготреаен аплауз.




Овој ден, во договор со организаторите на Фестивалот беше организирано и едно нестандардно случување. Целата делегација од Македонија, во придружба на двајцата официјални претставници на СЗПМ – Ѓорѓи Серафимов и Илија Глигоров, замина во посета на Старскиот дом Фужине во Љубљана. Таму пред корисниците на домот беа изведени сплет ора и песни од Македонија. Во рамките на протоколарниот дел од посетата, делгацијата имаше прием кај министерот за труд и социјална политика во Владата на Словенија, м–р Андреј Визјак, како и приеми кај претседателот на ЗДУС, д–р Матеја Кожух Новак и кај потпретседателот на ЗДУС м–р Антон Донко. Како многу значајно од разговорите се издвојува подготвеноста на раководството на ЗДУС за аплицирање со партнерски проект за финансирање од Европската унија. Проектот би опфаќал активности во четири области со кои треба да се придонесе за помош и подобрување на живењеето на голем број пензионери во четири градови во Македонија.



Иако претходно не беше формално договорен прием, целата група успешно реализираше посета на Македонската амбасада во Словенија кај амбасадорот Игор Попов. Во релаксирана „домашна" атмосфера, се поведоа разговори за активностите на амбасадорот кои помеѓу другото имаат за цел и зајакнување на економската соработка помеѓу двете земји, а се очекува да се договори и проект за збратимување помеѓу две општини и прифаќање пензионери за одмор и лечење и рехабилитација во една бања во Словенија.

Нашиот претставник Илија Глигоров во рамките на образовно–конференцискиот дел го поднесе рефератот со наслов „Влијанието на медиумите врз социјалната инклузија на пензионерите" од заедничкото авторство со Драги Аргировски, за што доби сертификат за учество. Финансирањето на патувањата и учеството на нашата делегација беше покриено од извори вон буџетот на СЗПМ. Превозот со автобус беше обезбеден од страна на локалната самоурава на општина Кочани и градоначалникот Ратко Димитровски, а сместувањето и исхраната во Љубљана беше платено од страна на организаторот на Фестивалот. Трошоците за нашиот претставник Илија Глигоров беа покриени од страна на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, по секторска програма Грундвиг акција „Посети и размени" во рамките на Програмата за доживотно учење.

Соорганизатори на овој традициоанлен и афирмиран Фестивал, кој се одржа во големиот комплекс на Цанкаревиот дом на културата, беа: Сојузот на друштвата на пензионерите на Словенија, Институцијата Проевент /Хевреka и Сојузот за техничка култура на Словенија. Главен покровител беше претседателот на Словенија д–р Данило Тирк. Фестивалот стандардно е конципиран во три области: едукативна, културно–уметничка и саемска манифестација. Како што гласи слоганот на фестивалот „За соживот на сите генерации" така и активностите беа осмислени и спроведени со цел да бидат опфатени сите возрасни групи: од деца во градинка до најстари луѓе. Реализирани се околу 80 занимливи и корисни предавања, работилници и дискусии. Во културно–уметничката програма имаше околу 130 различни настапи и случувања, на саемската манифестација беа претставени 200 излагачи од кои голем број индивидуални ракотворци пензионери од цела Словенија.

Сето тоа придонесе за старо–нови средби, размена на искуства и нови идеи, взаемно поврзување за нова соработка и секако, пријатно поминато време за „активно стареење".

**И. Глигоров**

ФОТО ФЕСТ

ДЕНОВИ НА ОРИЗОТ

# Кочанските пензионери го зажнееја оризот



Традицијата за рачно зажнејување на ориз беше демонстрирана на оризовите полиња во атарот ан село Тркање, Кочанско. Фолклористи од ЗП Кочани го зажнејаа првиот оризов клас, заедно со годинешната жетварска убавица. Благословот го даде најстариот жетвар Боро Наумов, кој посака плодна, успешна и бериќетна жетва.Традиционалните обичаи поврзани околу жетвата ги следеше и гостинот од Словенија Андреј Јус, заедно со градоначалникот Ратко Димитровски.



**К. Герасимов**

ЗП Радовиш и Конче

# Посета на повеќе културно -историски знаменитости

ЗП Радовиш и Конче на 29 и 30 септември на задоволство на сите учесници организираше добро осмислена дводневна научна екскурзија низ западниот дел на Македонија. Стотина пензионери, скоро од сите населени места од општините Радовиш и Конче, тргнаа уште во раните утрински часови, не криејќи го своето задоволство и радост што ќе посетат повеќе градови и културно–историски знаменитости.



Во градот на Марковите кули, градот херој, ги разгледаа спомен–обележјата во централниот парк и се поклонија пред Могилата на непобедените. Потоа автобусите тргнаа кон градот на некогашната Крушевска Република и родното место на познатиот македонски пејач и најголемата ѕвезда на балканската музичка сцена. Патувањето продолжи со немир во душата, а воедно и со радост дека ќе ги посетат, крстот, црквата Св. Преображение Господово, и Спомен куќата на Тоше Проески. Така и се случи, а потоа, во попладневните часови пензионерите се упатија кон Мавровските анови и низ прекрасниот кањон на Радика, воодушевени уживаа во глетката на прекрасната природа.

Неодминлива дестинација беше и манастирот Св. Јован Бигорски кој надалеку е познат по својот иконостас, како и женскиот манастир Св. Ѓорѓи Победоносец. Овој манастир е еден од најубавите македонски манастири, а добредојде на пензионерите им посака нивната сограѓанка, професорката Соња, која веќе неколку години е во служба на женското монашко сестринство. Таа информираше дека во манастирот рачно се изработуваат круни, богослужбени одежди кои ги носат владиците на МПЦ, но и владиците на Грција, Романија, Србија, Бугарија како и во Вселенската патријаршија во Цариград, и додаде дека имаат соработка и со манастирот Рождество на Пресвета Богородица од Бостон – САД.

Потоа патот водеше до Вевчанските извори и Струга, а напорното патување заврши со одмор во Билјанини извори, каде што убав дочек им приреди домаќинката Надица Блажевска.

Наредниот ден посетителите во Охрид се запознаа со манастирот Св.Наум, црквата Св. Софија и Плаошник, а на враќање го посетија и градот на конзулите, каде со голем интерес беше разгледан древниот град од римскиот период Хераклеа, кој е основан од македонскиот крал Филип 11 во IV век п.н.е.

Се на се, помина уште едно убаво патување кое долго ќе се памети.

**Лилјана Младеновска**

ЗП Карпош

# Одбележувањето на 35-годишниот јубилеј во фокусот

Извршниот одбор на ЗП Карпош на 25–тата седница, која се одржа минатиов месец, расправаше за повеќе актуелни прашања од работата на Здружението и донесе значајни одлуки за натамошно дејствување. Најпрво на дневен ред го постави одбележувањето на Денот на пензионерите, што се вклопи во активностите посветени на 35–годишнината од формирањето на Здружението и по тој повод донесе Одлука за издвојување средства за превоз на околу 150–тина членови на здружението, со кои беше реализирана еднодневна екскурзија до селото Беловиште како рекреативна активност и придонес кон меѓусебното дружење на членството. Исто така, ИО на оваа седница донесе одлука за издвојување средства за купување униформи за хорот „Серенада“, кој мошне импресивно го претстави Здружението на Републичката јубилејна ревија на песни, музика и игри, која се одржа на 25 септември во Универзалната сала во Скопје.

Расправата на Извршниот одбор главно беше фокусирана на одбележувањето на Јубилејот на Здружението на 5–ти јануари наредната година и со оглед на близината на настанот, како иницијатива за поорганизирано одвивање на подготовките и активностите по тој повод, беше донесена Одлука за формирање Организационен одбор. Притоа, стана збор и за издавањето Монографија, за што треба да се согледаат можностите и да се најде спонзор кој ќе го потпомогне печатењето на истата.

Беше разгледана и информацијата за учество во Општинските пензионерски спортски игри во организација на градоначалникот на „Карпош“, кои се одржаа на 29 септември, а учесниците во повеќе дисциплини и овој пат го осветлија образот на ова здружение.

Претседателот на ИО **Трајко Савевски** рече дека до крајот на годината треба да се реализираат уште бројни активности во повеќе области од културно–забавен, спортско–рекреативен и социјален карактер, што се планирани во Програмата за работа, а Организациониот одбор за прослава на Јубилејот ќе донесе посебна програма за одбележување на овој значаен настан.

**М.Д.**

ЗП Кавадарци

# Спортска средба во село Чемерско

Кавадаречки пензионери и жителите на село Чемерско се натпреваруваа во тегнење јаже, стрелање, пикадо, домино, табла, шах и фрлање ѓуле на спортската средба која ја отвори претседателот на Советот на општина Кавадарци, Илија Тренчев кој покрај другото истакна:

– Со оптимизам што треба да се пренесе и на помладите генерации, ние од локалната самоуправа секогаш ќе црпиме од идеите и искуствата на пензионерите, меѓу кои има поранешни раководители, директори или земјоделци и луѓе од сите други професии, кои навистина знаат и умеат што да кажат и покажат.



Претседателот на ИО на ЗП Кавадарци и Росоман, Ристо Анѓушев нагласи дека станува збор за една меѓугенерациска средба која во иднина ќе стане традиционална.

– Прекрасно е да се биде тука во оваа од Бога дадена природа и затоа ние пензионерите со задоволство сме гости во ова село – рече Анѓушев.

Претседателот на месната заедница Чемерско, Трајко Тасев рече дека за првпат во Македонија едно пензионерско здружение и жители на едно село организираат вакво дружење.

Претседателот на комисијата за здравство Драги Јаневски, исто така го изрази задоволство од гостувањето во поткожувското село.

И натпреварувачите го искажаа задоволството од оваа спортска средба на која најголеми резултати беа постигнати во запознавањето и дружењето, кое ќе им остане долго во сеќавање.

**Мартина Јованова**

ЗП Гази Баба

# Средба и дружење по повод Јубилејот



Во рамките на одбележувањето на 40–годишниот јубилеј од своето постоење, Здружението на пензионери „Гази Баба“, во соработка со здружението „Кисела Вода“, во паркот “Филип II“ во општината „Гази Баба“, организираше пригоден концерт на кој настапи КУД „Пензионер“ со својот афирмиран хор и соло изведувачи на народни и староградски песни. Гостите и присутните пензионери и граѓани (околу 500), меѓу кои беше и претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, ги поздрави претседателот на ИО на Здружението **Ѓорге Андонов**.



На концертот наизменично настапуваа пејачки и играорни групи од двете здруженија, а со своите песни и ора посебно внимание привлекоа претставниците на ЗП „Кисела Вода“. Отсјајот на боите од нивните колоритни облеки и носии, уште повеќе го привлече вниманието и ги зголеми импресиите. Разиграните пензионери не останаа само на сцената, туку се симнаа меѓу публиката и развија широко оро, кое повеќемина го прифатија и заедно играа. Изведбите, кои беа наградувани со долготрајни аплаузи, го привлекуваа вниманието на минувачите кои и се придружуваа на публиката и останаа да го следат настанот.

Оваа културна манифестација на пензионерите на отворена сцена, која успешно ја водеше Душко Салтировски, траеше повеќе од два часа, а потоа учесниците остварија средба и заедничко дружење во Клубот на ЗП „Гази Баба“.

Иако 40–годишниот јубилеј посебно ќе се одбележи на 12 декември – Денот на Здружението, средбата е една од активностите посветени на овој значаен датум. Покрај другото, средбата е и голем придонес во зацврстувањето на соработката на двете здруженија.

**М.Д.**

# Средствата на пензионерите рационално се користат

Планираните финансиски средства наменски се потрошени и реализацијата се движи во рамките на зацртаната динамика. Ова беше истакнато на петтата седница на Собранието на Здружението на пензионери Тафталиџе ДДД – Скопје, што се одржа на 24–ти септември 2012 година. Во расправата по Извештајот за работата на Извршниот одбор и Информацијата за остварување на приходите и расходите на здружението за шестте месеци од оваа година беше речено дека Извршниот одбор со расположливите средства работел рационално и домаќински и во согласност со финансискиот план за годинава.

Сите активности Извршниот одбор ги извршуваше непосредно преку комисиите кои беа активно вклучени во реализацијата на програмските задачи. За одбележување се активностите на Комисијата за културно забавен живот. Така, пеачката и играорна група настапи на ревијата на песни и игри во Тетово и на Културното лето на општина Карпош. И комисијата за спорт и рекреација мошне успешно ги остваруваше спортските активности и учествуваше на седумнаесеттите регионални пензионерски игри што се одржаа во Гостивар. Притоа беа освоени неколку втори и трети места, што претставува сеовиден успех на здружението. Оваа комисија реализира неколку пензионерски екскурзии. Незаборавен е пикникот во Македонска Каменица каде присуствуваа 2.000 посетители, а беше организиран по повод сто години од Правта Балканска Војна и верксиот празник „Св. Константин и Елена“. На пикникот настапија шеснаесет екипи на пензионерки кои се натпреваруваа во месење, сукање и печење баници во подница и вршник. По повод официјалниот почеток на туристичката сезона на Дојранското езеро, пензионерите на Тафталиџе учествуваа на најмасовниот пензионерски собор во Дојран каде беа присутни околу 5.000 пензионери од нашата земја. Собранието, исто така, позитивно ја оцени успешната соработка што се реализира со локалната самоуправа на општина Карпош. Така, со решение на градоначалникот Стефче Јакимовски на здружението Тафталиџе му се доделени 500.000 денари кои се наменети за финасирање на културно–забавниот живот, спортски и други активности.

**Симеон Билински**

# 30 годишен јубилеј на КУД „Пенка Котеска“

На 11–ти Октомври 2012 година, КУД „Пенка Котеска“, кое дејствува во рамките на ЗП Прилеп, славеше 30 годишен јубилеј. Во преполнетата сала во ресторанот во хотелот Липа во Прилеп, КУД „Пенка Котеска“ ги испеа песните „Песна за Пенка Котеска“ и „Род Македонски“.

Присутните пензионери, кои ги имаше околу 500 од 21 град од Македонија (Прилеп, Битола, Кавадарци, Неготино, Богданци, Гевгелија, Валандово, Штип, Дојран, Охрид, Тетово, Кочани, Крушево, Кичево, Струга, Велес, Радовиш, Свети Николе, Ѓорче Петров – Скопје, Македонски Брод и Македонска Каменица), со громогласно ракоплескање ги наградија славениците.



Во знак на благодарност на членовите на КУД „Пенка Котеска“, ЗП Прилеп им додели благодарници за успешно презентирање и афирмација на Македонските изворни песни и збогатување на културно–забавниот живот на пензионерите на локално, регионално и државно ниво.

Јубилејот на КУД „Пенка Котеска“, му го честита и претседателот на ЗП Прилеп **Кирил Ѓорѓиоски**, претседателот на СЗПМ **Драги Аргироски** и градоначалникот на општина Прилеп **Марјан Ристески.**

**Љ.Н.**

# Екскурзија за памтење

Во рамките на планираните активности ЗП од Свети Николе на 22 и 23 септември реализираа екскурзија. Во убавиот есенски ден 35 пензионери тргнаа на дводневна прошетка низ нашата убава земја. Екскурзијата беше реализирана и со поддршка и одлична соработка со Локалната самоуправа. Како резултат на тоа здружението доби бесплатно автобус на услуга.



Најпрво го посетија Лесновскиот манастир од 11 век, посветен на Свети Архангел Михаил. Глетката беше прекрасна! Некои од пензионерите го посетуваат првпат и одушевувањето кај нив беше поголемо. Потоа пензионерите од ЗП Свети Николе го посетија манастирот Св. Ѓорѓија – женскиот манастир во с. Рајчица кај Дебар. Сите останаа без здив од убавината на истиот.

Посетата на манастирот Свети Јован Бигорски посветен на Јован Крстител беше посебно доживување. Сета манастирска убавина ќе ја понесат во себе и ќе им биде незаборавна.

Го посетија и Маврово и се воодушевуваа од убавините на овој питом крај.

Во својот убав пејсаж ги прими и манастирот Свети Наум, изграден над самото Охритско Езеро непосредно до Македонско – Албанска граница. Манастирот е посветен на Св. Наум најблизок соработник на Св. Климент Охридски.

Се одморија и преноќија во Охрид, колевката на македонската култура и словенската писменост. Утредента го разгледаа Плаушник и храмот Св. Климент и Пантелејмон и прекрасна панорама на Охридско Езеро.

Во селото Вевчани, кое е сместено на падините на планината Јабланица пензионерите се одморија и уживаа во природните убавини во овој крај со традиција и богати извори на вода. На враќање застанаа и прошетаа и низ Широк сокак во Битола, градот на конзулите.

Оваа прошетка низ Македонија ќе им остане во пријатно сеќавање бидејќи задоволството на пензионерите беше поголемо затоа што можеа повторно да се дружат, шегуваат и притоа да уживаат во убавините на нашата прекрасна земја, Македонија.

**Вукица Петрушева**

# Распеани пензионери во Прилеп



По повод државниот празник 11–ти Октомври, Денот на вооруженото востание на Македонскиот народ, во Прилеп, во хотелот „Липа" се одржа Осмата манифестација „Пензионерите пеат" 2012.

На оваа музичка манифестација учествуваа културно уметнички друштва и пеачки групи на здруженија на пензионери од 9 градови од Македонија (Прилеп, Битола, Кавадарци, Неготино, Богданци, Гевгелија, Валандово, Штип и Дојран) кои, пеејќи македонски изворни и старoградски песни пред околу 500 пензионери го одбележаа празникот.

Учесниците на манифестацијата „Пензионерите пеат", ги поздрави претседателот на ЗП Прилеп **Кирил Ѓорѓиоски**, претседателот на СЗПМ **Драги Аргироски** и градоначалникот на општина Прилеп **Марјан Ристески**.

ЗП Прилеп, како домаќин на манифестацијата, на учесниците им додели благодарница како благодарност за учеството.

По завршувањето на манифестацијата, продолжи заедничко забавно дружење на учесниците.

**Љ.Наумовски**

## ОД РАБОТАТА НА ФОНДОТ НА ПИОМ

# Пензионерите - редовни плаќачи на станарината

Фондот на ПИОМ, во домовите во Скопје – Аеродром располага со 142 станови, во Ѓорче Петров има 30, додека во Автокоманда се 44 станови. Во пензионерскиот дом во Прилеп има 20 станови, во Делчево се 13, а во Гевгелија пак 16 станови, додека во Пробиштип, домот има 9 стана, а во Виница 3, во Крива Паланка 10 стана, во Кочани 8, во Свети Николе 9, а во новиот и во стариот објект во Гостивар има 37 станови. Она што треба да се истакне е фактот дека целосно становите се исполнети од станари – пензионери.

Но, бидејќи во домоните се сместени само корисници на пензија, наплатата е по пат на задршка од пензијата и истата без проблеми се наплаќа, така што наплатата во првите шест месеци од 2011 година изнесува 99,93 и е подобра од наплатата во истиот период во 2010 год. за 0,70%.

Наплатата е целосна и за периодот јануари–септември, годинава, при што има и појава на нередовно плаќање на закупнините од страна на мал број затекнати станари (со превземањето на домовите во 2001 година), кои не се пензионери и немаат склучено договор со Фондот. Такви станари има во следните домови: во Ѓорче Петров – 3, во Прилеп – 6, во Гевгелија – 1, Крива Паланка – 2, Кочани – 1, Свети Николе – 2, и во Гостивар со 5 станови е таков случајот.

До правната служба е доставена документација за покренување постапка за наплата и иселување на станар сместен во домот за живеење на корисници на пензија во Гевгелија. Доставени се и 5 опомени до нередовните плаќачи на закупнините.

Меѓутоа, алармантна е состојбата со Пензионерскиот дом во Прилеп, во кој што од 20 станови, само во 8 се сместени корисници на пензија, а останатите се узурпирани од деца на починати корисници на пензија. Ова од причина што домот во Прилеп (иако е преземен од Фондот) во катастарската евиденција сеуште се води на ЈП за стопанисување со стамбен и деловен простор, а во 2008 година еден стан е продаден врз основ на договор за закуп. Ова е пред се, заради тоа што ЈП официјално не го предало домот во Прилеп на стопанисување на Фондот на ПИОМ. Од овие причини Фондот не е во можност да превзема мерки и активности во врска со состојбите во домот во Прилеп.

Одделението за стопанисување со имотот на Фондот има доставено информација и предлог мерки за надминување на ваквата состојба до надлежните органи и до Владата на РМ, преку Министерството за труд и социјална политика.

За разрешување на оваа состојба Владата формира работна група составена од претставници на: Фондот на ПИОМ, Министерство за финансии, Министерство за труд и социјална политика, Агенцијата за катастар на недвижности и ЈП за изградба на простор од интерес на државата, која наскоро ќе предложи мерки и заклучоци во врска со статусот на пензионерските домови во Републиката.

Кога сме веќе кај имотот на Фондот, да истакнеме дека Фондот на ПИОМ располага уште и со деловен простор во пензионерските домови и клубовите во вкупна површина од 6.502,08 м2, од кои 5.147,1 м2 се издадени, што претставува 79,16%. Деловниот простор е претежно издаден под закуп на правни лица, што може да претставува поголема сигурност како за наплата на закупнината така и за подобро и посовесно одржување на самиот деловен простор.

Остатокот од просторот не е атрактивен и затоа нема заинтересираност од страна на правни субјекти, иако Фондот овој простор го огласува.

Што се однесува до наплатата, од јануари до јуни годинава, Фондот има фактурирано кон закупците на деловен простор износ од 8.159.497,26 денари и наплатено 7.596.582,5 денари или тековната наплата е 93,10%, што претставува подобрена наплата за 18% во споредба со истиот период од претходната година. Исто така, во истиот период од вкупно пренесените побарувања од претходен период во износ од 1.628.096 денари, се наплатени 687.182 денари, или 42,21% од пренесените побарувања. Во истиот период е пресметана и задолжена камата за доцнење на плаќање во износ од 23.267 денари и наплатено е 13.368, или 57,45%.

Едно е сигурно, Одделението за стопанисување на имотот на Фондот на ПИОМ, презема постојани мерки за подобрување на процентот на наплата со опомени, пресметка на камата и утужување на закупците кои доцнат со плаќањето на закупнината. Заради нередовно плаќање покренати се и судски постапки против 4 правни лица –закупци на деловен простор во висина од 575.361 денар, од кои 161.122 денари како основен долг се платени пред започнување на постапката, но таа ќе продолжи за наплата на камата. Испратени се 32 опомени и две известувања за раскинување на договорот за закуп.

Од погорното се гледа дека сите напори на Менаџерскиот тим на Фондот на ПИОМ исцело се свртени кон внесување на ред во финансиското работење и исполнување на обврските на сите кои презеле на користење службен или деловен фондовски простор. На тој пат, повеќе од сигурно е дека ќе истрае, а долговите сосема очекувано ќе бидат наплатени...

**м-р. Снежана Кутузовска**

Разговор со Спиро Николовски, долгогодишен активист од ЗП Центар – Скопје

# Спортувањето дава здравје и виталност



**● Многу пензионери ве познаваат и препознаваат по вашиите активности, меѓутоа има и такви кои не ве знаат. Претставете им се на нашите читатели?**

– Јас сум дипломиран градежен инженер. Најголемиот дел од работниот век го поминав во градежништвото каде заради мојата стручност, исполнителност и организациони способности речиси секогаш бев на раководни и одговорни работни места и задачи, претежно на индустриска градба, но и стамбено–деловни објекти. Работев и во Проектанско биро за проектирање патишта и улични сообраќајници главно во Скопје, но и во странство на изградба на армирано–бетонска конструкција на атомска централа. Пензионер сум од ноември 1997 година и веќе истиот месец станав активен член во Здружението на пензионерите на општина Центар – Скопје. Јас сум обожавател и активен играч на древната игра шахот. Шахот ми е хоби, релаксација и задоволство. Како резултат на таа моја љубов, веднаш по моето зачленување, помогнав да се формира шаховската екипа во здружението и како член и капитен на екипата, во 1998 година на регионалните игри го освоивме второто место. Овој за здружението голем успех, го повторивме и наредната 1999 година. Мојата активност на спортски план во здружението продолжи. Во 2000 година успеав да формирам екипи за сите спортски дисциплини кои беа застапени на регионалните спортски на натпревари, а како најдобар во дисциплината трчање, настапив на Републичките пензионерски спортски натпревари во Крани крај Преспанско Езеро. Таму истовремено бев ангажиран и како судија во шах.

**● Покрај што сте активен во здружението на пензионери Центар, вашата активност е забележителна и во Сојузот. Какво беше вашето ангажирање?**

– Во 2001 година бев избран за член на Комисија за спорт при СЗПМ каде што и денес сум активен член. Покрај тоа речиси на сите спортски регионални натпревари сум судел на повеќе дисциплини.

Во 2002 година на Републичките пензионерски спортски натпревари кои се одржуваа во комплексот „Горица" во Охрид бев одреден за главен судија и координатор во дисциплината шах.

Во 2003 година на моја иницијатива и мој предлог го воведовме електронското пикадо и тоа за првпат во Кавадарци. Успеав за кратко време да ги преведам и обработам правилата за игра на електронското пикадо. Истовремено помогнав со пикадо да се снабдат поголем број здруженија во Македонија, а во неколку здруженија одржав обука, односно извршив демонстрација за примената за електронското пикадо. Од 2003 година постојано сум судија во дисциплината пикадо на Републичките пензионерски спортски натпревари. Со други зборови, на Републичките пензионерски спортски натпревари сум учесник директно или индиректно непрекинато од 1998 година или вкупно 14 години , што секако не е мал стаж и ретко кој може да се пофали со тоа.

**● Како долгогодишен член на Комисијата за спорт и рекреација на СЗПМ и искусен спортист и судија кажете ја Вашата оценка за 17-тите Републички пензионерски спортски натпревари кои неодамна се одржаа под покровителство на Претседателот на Владата на Македонија, Никола Груевски.**

– Што се однесува до последните 17–ти Републички пензионерски спортски натпревари, кои се одржаа неодамна, можам да кажам дека Комисијата за спорт при СЗПМ како и другите фактори придонесоа организацијата на натпреварите да биде на највисоко ниво. Натпреварите се одржаа во беспрекорен ред и натпреварувачки спортски дух. Ваквиот тренд се повторува од година во година и мислам дека така ќе продолжи и понатаму. Инаку овие натпревари ќе бидат запаметени и по големата масовност и убавата атмосвера.

**● И на крајот кажете ни според вас што зачи спортот за активното стареење и што ќе им порачате на сегашните и на идните пензионери?**

– Колку значи спортот за активно стареење најмногу сум го почуствувал на себе лично. Спортувањето ме исполнува, ми дава нова енергија и сила да се справам со сите проблеми што ги носи староста. Мои омилени дисциплини со кои со задоволство се занимавам се: планинарењето, пешачењето, стрелаштвото, шахот, пикадото и таблата. Секојдневно пеш поминувам просечно над 5 км. Затоа им препорачувам на сите пензионери активно да се ангажираат во своите здруженија во дружење и практикување каков било спорт кој ќе им помогне во закрепнувањето и одржувањето на здравјето и виталността, а со тоа и ќе си го разубават и стареењето.

**Калина С. Андонова**

Наши пензионери во Мала Преспа во Албванија

# Пустец не е „пустелија"

Пензионери од здруженијата од Велес и Неготино во средината на октомври, годинава реализираа хумана и благородна мисија, посетувајќи ги нашите браќа во Мала Преспа – Република Албанија. Неготинските пензионери, како извидници, во овој регион стигнаа еден ден пред велешани, но нивната маршрута и целите им беа идентични – на нашите сонародници да им подарат скромна материјална помош: облека, обувки и книги преку црквата Свети „Архангел Михаил" и Општината во Пустец. Гостите беа срдечно дочекани од домаќините, од градоначалникот на Пустец, Едмонд Темелко и пензионираниот наставник Васил Малевски од Долна Горица, кој имаше улога на водич и кустос низ музејските села, кои сведочат за минатото и говорат за сегашноста. Овие две селски населби, како и другите кои се на дофат на Преспанското Езеро, речиси немаат доволно вода за пиење. Населението, кое е по националност македонско, предимно се занимава со сточарство, земјоделие и риболов, а "побогатите" живеат од печалбарство.



Откако историската судбина, со кобниот Букурешки договор од 1913, ги раздели нашите сонародници и ги одвои од Македонија, некако се им тргна надолу, ама малопреспанци и до денденес останаа верни на јазикот и традициите на Татковината. Благодарение на меѓународна помош малку се подисправија, се направија училишта, се асфалтираа патишта и се разработи главниот меѓународен пат од Стење преку Долна Горица и Пустец до Корча. Минувајќи низ селата Горна Горица, Туминец, Шулин, Долна Белица, Пустец и други среќававме мештани кои на коњи и магарења пренесуваа огревно дрво, а некои пак работеа во нивите.

– Многу се изнамачуваат, – забележува Перо Захарчев, претседател на ЗП Неготино, – но по многу нешта тие мирни и милни луѓе, се душа човеци. Те гледаат како ангел спасител, зачудени и натажени, како да очекуваат нешто...

А дека им тртебаат многу нешта, не е лага. Им треба поголема помош, но не само од нас, туку и од нашата држава, за да закрепнат економски, за да си ги зоографисаат верските храмови и да фатат чекор со цивилизацијата...

– Погледнете го езерово, ова место се вика Завр (извор), – ни објаснува водичот Малевски. Оттука истекува "нашето езеро" (Преспанското) и се влива во вашето (Охридското).

Прошетката и обиколката продолжува. Доаѓаме до места од каде што ги набљудувавме двата острова: Голем и Мал Град, којшто се наоѓа во албанскиот дел на езерото. Прекрасен видик на замисленото тромеѓе во преспанските води – таму каде што ја поделиле Преспа на Голема (македонска), Мала (албанска) и Долна (грчка).

Разделбата неминовно се наближува, а како да се изрази обостраното задоволство, од дружењето ако не со песна. Од грлата и од душата, едногласно одекнува вистината опеана и во песната "Само една има вистина – има една Македонија".

На заминување, најљубопитни испраќачи беа дечињата со зарумeнети образчиња, како преспански јаболчиња, со срамежливи и слатки погледи, мавтајќи со подигнати рачиња не испраќаа, ама и како да не повикуваа пак да се вратиме... Полека се оддалечуваме од малопреспанско, но не можеме да се отргнеме од мислите дека токму тие луѓе се фатиле во костец со времето и со животот и останале тоа што биле со векови – заради нашето опстојување, заради нашата вечност во која и тие се вградиле.

Сознанието од посетата е сосема јасно: Пустец ниту оддалеку не е пустелија, туку место каде мачно се настојува да се опстои, да се продолжи по патот на предците... Малопреспанци тоа го докажале и се уште го докажуваат, а ние треба да ги разбереме и да им помогнеме.

**Веле Алексоски**


ПЕНЗИОНЕР *плус*

**Весник за сегашните и за идните пензионери**

**Издавач:**
СЗПМ

Година V – број 51
октомври 2012 год.

**БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК**

**Издавачки совет:**
**Драги Аргировски** (претседател)
Бесник Поцеста
Методија Тошевски
Станка Трајкова
Гидо Бојчевски
Љубомир Ѓорѓиев
Павле Спасов
Софија Симовска
Милан Димитровски
**E-mail: argirovski@szpm.org.mk**

**Редакциски одбор:**

**Методија Тошевски**
Главен и одговорен уредник;
**Калина Сливовска-Андонова**
заменик главен
и одговорен уредник;

**Членови:**
Мендо Димовски, уредник;
Цветанка Илиева
Баки Бакиу,
Костадинка Кајмакоска,
Фруска Костадиновска

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**
СЗПМ „12 ударна бригада"
бр. 2. зграда на ССМ – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **kontakt@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
СЗПМ

**Печати:**
Графички центар Скопје

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.


ЈА ПОДОБРУВА ЦИРКУЛАЦИЈАТА
1
2
Топ форма за Вашиот ум.
Подобра циркулација, за сила на Вашиот ум
Редовната употреба на Билобил:
Го подобрува протокот на крв во мозокот со намалување на вискозноста на крвта и со ширење на крвните садови.
Ја подобрува функцијата на мозочните клетки со зголемување на искористеноста на кислород и гликоза во клетките.
Помага во заштита на мозочните клетки, со неутрализирање на слободните радикали.
Билобил содржи екстракт од Гинкго билоба
ХЕРБАЛЕН ЛЕК
Билобил®
интенс 120mg
Bilobil® intens 120 mg
hard capsules/ тврди капсули
Ginkgo bilobae folii extractum siccum
20 hard capsules/ 20 тврди капсули
oral use/ перорална употреба
improves memory/ го подобрува помнењето
KRKA
www.krka.si
Билобил®
KRKA
Нашата иновативност и знаење создаваат ефикасни и сигурни производи со највисок квалитет.
Пред употреба внимателно прочитајте го упатството.
За ризикот и несаканите дејства консултирајте го Вашиот доктор или фармацевт.

Од свој агол

# Лидер

Откако дојде на чело на новото раководство, претседателот на СЗПМ, на повеќе средби на пензионерите, на состаноци, на седници, на поголеми собири, на пикници и уште на многу видувања и заеднички дружења, срдечно е поздравуван, а многу често и со аплауз. Учесниците и присутните на ваквите средби јавно го искажуваат задоволството со изборот на својот водач, му даваат поддршка и го следат во дејствувањето.

За да нема забуна и дилеми околу вистината, на кантар ги ставивме мисленјата, ставовите и изјаснувањата на најголемиот дел од членството на СЗПМ. Факт е дека по сите критериуми, претседателот на СЗПМ Драги Аргировски влезе во плејадата лидери што сме ги имале и што сега ги имаме. За тврдењето да биде уште пореално, се впуштивме во истражување на лидерите и на нив спротивставените. Кога станува збор за лидерите, веднаш се помислува на оние прваци кои заслужено се омилени како челници и кои, колку и да ги има, секогаш недостасуваат. Родени се со лидерски предиспозиции, со харизма и навреме стекнувани карактеристики, со особености посакувани и пропишувани за лидери, со многу вредности и доблести што ги поседуваат и негуваат. Тие се највистинските, најизраснатите, највредните, најискусните и најмудрите поединци, кои станале лидери откако поминале по многу патишта и преминале многу ридишта. Низ Сцила и Харибда ги запознале опасностите и затоа знаат каде одат и како водат! И само тие опстојуваат.

Познати ни се и повеќе лидери во пензионерските здруженија. За нивно подобро дејствување насока им беше дадена и утврдена во Програмата за работа на Сојузот, а остварувањето на целите се преточи во забележителни успеси, за кои со задоволство секој пензионер раскажува. За да не ги набројуваме, ќе потсетиме само на некои поважни: заложба на Раководството на СЗПМ на чело со лидерот за редовно усогласување и редовно примање на пензиите, како и за реализација на покачувањата согласно Владиниот проект за подобрување на квалитетот на животот на пензионерите, како и спроведувањето други мерки предвидени со Националната стратегијата за стари лица 2010 – 2020 година, преземање иницијатива за донесување Закон за пензионерско организирање, за подобрување на здравствената заштита и уште многу други постигнувања кои придонесоа претседателот на СЗПМ да стане најпопуларната медиумска личност која речиси од сите медиуми е барана, за да го слушнат неговото мислење. Затоа, најомилениот претседател и лидер на најголемата невладина, неполитичка и мултиетничка организација се најде на врвот на лидерите и се го обезбеди местото во историјата. Како омилен пензионерски лик, интелектуалец и публицист, искусен, стабилен, независен, објективен, непосреден, аналитичен, комуникативен и амбициозен визионер, стана енергичен реформатор на пензионерското организирање во духот на европските стандарди и заложби, давајќи позитивен импулс за соработка со сите релевантни фактори за решавање на пензионерските проблеми во целина за активно да се старее и сложно и среќно да се живее. Тој е лидер со европски манири и официјално е прогласен за експерт за третата животна доба од Европскиот институт „Хеврека“ од Љубљана. Од сегашните и идните пензионери посебно се цени што дејствува со силата на аргументите, а не со аргументот на силата, при што неговата харизма, чесност и творечка одлика доаѓаат до полн израз. И не само тоа, знаеше да избере и добар раководен тим за колективно и домаќинско дејствување за успешно остварување на програмските задачи, посебно во оваа година која Европската унија ја прогласи за Година на активно стареење и меѓугенерациска соработка и солидарност.

Одделни љубоморни скептици на кои им пречи секој успех на пензионерската организација се немоќни во настојувањата сето ова да го минимизираат зашто силата на аргументите им се спротивставува.

И уште едно потсетување: лидерот се раѓа, но и се надоградува. Само така може да опстане и да биде тоа во вистинска смисла на зборот.

**Мендо Димовски**

# Готовски - нов претседател на ЗП Берово



Собранието на Здружението на пензионерите од Берово на последната седница за претседател го избра Љупчо Готовски од Берово. Готовски е избран на вонредно изборно собраие по смртта на досегашниот претседател Јован Дупкарски.

– Во својот мандат најмногу внимание ќе посветам на продолжување на реконструкцијата на домот на пензионерите во Берово како и на соработката со останатите здруженија во земјава и во странство. Ќе направам обид да профункционираат и некои клубови на пензионерите во населените места во општината Берово – барем онаму каде што има минимални услови. Беровското здружение секогаш важело за едно од поактивните на културно и спортско поле така што се надеваме дека овој тренд ќе го продолжиме и понатаму, но и да го подобриме – рече Готовски.

Иаку, новиот претседател Готовски е пензионер кој порано пред пензионирањето работел во МВР.

**Драги Ролевски**

# Промоција на „Демнеечки дух“ од проф. д-р Виолета Ачкоска





На 5 октомври во Музејот на македонската борба за државност и сувереност се одржа промоција на „Демнеечки дух“ од проф. д–р Виолета Ачкоска, дело инспирирано од тајното полициско досие на Ѓорѓи Доцев Ордев – Банев. Во делото на познатиот автор д–р Виолета Ачкоска поместени се 1508 документи од тајното полициско досие на Ѓорѓи Доцев Ордев – Банев политички затвореник суден за Македонија, човекот кој својата младост ја подарил на својата борба за самостална и независна Македонија. Ѓорѓи Доцев е човек чиј дух не го скршиле ни занданите, ни малтретирањата, ни кодошите, ни тајните агенти, ни оние кои демнееле на секој негов чекор и збор за да му наштетат, за да го уништат, за да го премислат во намерата, во идеата, во определбата за која гинел и се давал целиот.

Рецензенти на книгата се проф. д–р Никола Жежов и починатата проф. д–р Даринка Петреска.

Промоцијата мнoду успешно и емотивно ја водеше актерот Вера Ристовска, која рецитираше стихови чиј автор е Ѓорѓи Доцев. Свој настап имаше и ученичка од музичкото училиште во придружба на канон, и мал хор од истото училиште.

За делото зборуваше мошне аргументирано рецензентот проф. д–р Никола Жежов. Авторот проф. д–р Ачковска му се заблагодари на Ѓорѓи Доцев што и дозволил да го напише ова важно историско дело и да ѕирне во неговиот интимен живот.

Ѓорѓи Доцев видно возбуден им се заблагодари на авторот, рецензентот и на сите присутни што му направија чест нему и на неговото дело.

Инаку Ѓорѓи Доцев денес ја изодува деветата деценија од животот заедно со својата идеја.

**Благој Арсов**

Писмо

# „Пензионер плус“ - весник по европски терк

Пет години е кратко време во животот на весникот „Пензионер плус“, но неговото дело е големо во информирањето на пензионерската организација во Македонија. Овој наш весник направи револуција во информативниот простор на организацијата. Придонес кон тоа се и емисиите на повеќе телевизии во Македонија, од кои посебно се издвојува „Трето доба“ на МТВ, се обновија „Пензионерски видици“, а за пензионерите позабележливо почна да се пишува и во другите гласила.



Со весникот „Пензионер плус“ пензионерите се повеќе информирани и повеќе знаат за себе, за своите права, како и за активностите и проектите на ЕУ. Во него од сите области и за секого има понешто. Посебно место и акцент имаат содржините со кои Весникот стана цврст мост на патот за мултиетничноста, мултикултурата и заедништвото посебно со страницата на албански јазик, со што стана предизвик и поттикнувач за изградба и развивање на информативниот локален простор во ЗП на Македонија преку сопствени гласила за активностите и животот на пензионерите.

Во „Пензионер плус“ се бројни содржини за активностите на пензионерската организација во Македонија, за културно–забавните активности, спортот и рекреацијата, екскурзиите, како и заедничките регионални и средби на ниво на Државата по повод празниците. Посебно се потенцираат и активностите за грижата на болните, осамените и загрозените пензионери од финансиски и социјален аспект, во што им се обезбедува подостоен и среќен живот.

Со објективното сестрано информирање за сите проблеми и прашања се создаде слух и клима за одговорност во раководењето, во работата на органите и телата на здруженијата и секој пензионер да си го најде своето место и со своето знаење, умеење и мудрост да се вгради и помогне во дејствувањето на организацијата.

Со еден збор, пред нас е една петгодишна хронологија на Весникот, пишувана со љубов, знаење и мудрост, едно читливо четиво со јасно повикувачки и вреден влог за пензионерското достоинство. Многу честитки за скромниот јубилеј по педесетиот број на „Пензионер плус“ и да доживее многу, многу илјадници броеви.

**Д-р Мирко Макрешански, пензионер од Куманово**

# Европска разгледница

Европа е голем и простран континент и тешко е да се одреди која земја е најповолна за луѓето во таканаречените „златни години“. Благодарение на техниката и на интернетот, како и на печатените и на електронските медиуми, денес секој може да дознае кои се најпосакуваните земји за живеење. Еве понуда на неколку дестинации

За Кипар се вели дека е „рај за пензионерите“. Овој медитерански остров е секогаш облеан во сончева светлина и го опива човечкото битие со живописни глетки. Познат е како популарна дестинација за многу британски пензионери. Една од причините за оваа посетеност од страна на Англичаните е што од овој остров им се зема само 5% такса на нивниот данок на доход, а делумно и заради фактот што ова место изобилува со забавни активности за оваа возрасна група. Кипар може да се гордее на своите интернационални школи и болници каде што се работи по врвни стандарди, има одлична инфраструктура, поседува два меѓународни аеродроми и современи центри за шопинг со светски познати брендови за облека. Кипар не е само модерен и софистициран остров, туку има и безброј места каде што може да се направи скара и да секојдневно да се ужива во разни забавни активности покрај базените и плажите. Пензионерите овде имаат избор на различни социјални клубови и активности кои им овозможуваат да запознаат и да стекнат нови пријатели, а воедно да уживаат во вкусната медитеранска храна и во звуците на кипарската музика.

Интересно но вистинито, нашата соседна држава Бугарија, спаѓа во земјите кои се привлечни за пензионерите. Бугарија е дел од Европската унија, а исто така е и членка на НАТО. Но, во Бугарија сè уште се користи домашната валута ЛЕВ наместо ЕВРО–то со што животните трошоци во оваа земја се далеку пониски споредени со трошоците од некои други соседни земји. Во оваа земја има 3 интересни туристички локации: едната е покрај крајбрежјето на Црното Море, другата е на скијачките терени каде што се наоѓа сензационалното скијачко место Банско, посетено од многу наши сограѓани и третата во околината на Софија. Животот во Бугарија е многу сличен на нашиов, па затоа Бугарија се смета за земја која нуди пријатен и смирен пензионерски живот за оние со поплитки „пензионерски“ џебови.

Шпанија пак нуди слични искуства како Кипар, но во една многу поголема димензија. Оваа земја е со жив, темпераментен и весел народ, богат со историја, уметност и култура. Таа е многу поголема од Кипар и се граничи со Франција, Португалија, Андора и Гибралтар и ова овозможува луѓето да не се ограничени како на еден остров. Тука се изградени современи транспортни линии со брзи возови кои имаат погодни конекции со многу соседни европски градови така што живеењето овде може да се претвори во интересна истражувачка авантура. Не се за потценување и Канарските Острови како што е Тенерифе и Ланзароте или пак Бaнараските Острови меѓу кои се вбројуваат Мајорка и Ибиза. Земјата е толку богата со уметност и култура и во ваква опкруженост не е воопшто тешко да се научи како да се прават мозаици, да се слика или да се обликуваат скулптури како оние на Дали и Пикасо. За љубителите на идиличните пејзажни места, прекрасните дворци, манастири и замоци го земаат здивот и го пленуваат човечкото срце. За рекреативците, Шпанија нуди избор на скијачки терени, планинарски и велосипедски патеки и многубројни голф–терени. Шпанската кујна е исто толку богата и живописна како и нивнта култура, а шпанскиот јазик е познат по својата романтична лиричност и претставува предизвик за оние кои сакаат да ги надградуваат сопствените знаења.

Како Кипар и Шпанија, Хрватска има одлична клима и крајбрежје, но за разлика од нив е помалку истражена и искористена. Затоа секој може да си најде свое „место под сонцето“ и во оваа земја. Убавините на Хрватска, се вели, се повеќе бесконечни отколку модерни, а ова им одговара на вкусот на повеќе пензионери. Со своите антички ѕидини, романски урнатини и примамливи крајбрежни местенца, Хрватска зрачи со убавина и шарм. Хрватскиот народ успеал да го спои модерното со античкото така што овој блендиран состав е привлечен за луѓето од сите возрасти, едентитети и раси. Тука историјата е насекаде, но тајните на оваа прекрасна држава не се толку експонирани како во другите нации и затоа таа е голем предизвик за многумина. Голем број холивудски „ѕвезди“ се препуштаат на убавините на Хрватска патувајќи на своите елитни јахти или пак купуваат острови на Хрватското крајбрежје кое им нуди приватност и дискреција. Цените на недвижностите се во голем пораст, но споредено со Шпанија и Кипар, сепак се многу попримамливи и подостапни. За пензионерите кои сакаат да живеат во место каде што практично времето застанало со генерации, да бидат опијанети од звуците на хрватската музика или пак од нивните вина, а во исто време да си дозволат да живеат во една модерна држава со висок стандард, Хрватска е вистинскиот избор.

За Ирска пак се вели дека е „социјално“ место за живеење каде што луѓето работат напорно но и знаат да се релаксираат максимално во нивните познати ирски пабови каде што „муабетењето“ е проследено со кригла пиво, добра музика и храна и, пред с, со услови за стекнување голем број пријателства. Ирска секако изобилува со многу богата историја и култура, има високи здравствени стандарди и достапни медицински локалитети. Тука се сместени повеќе интернационални аеродроми и пристаништа. Пејзажите се разновидни и варираат од прекрасни плажи до високи планински врвови кои ве оставаат без здив. Луѓето се отворени, комуникативни, пријатни и со посебна смисла за хумор. Економијата во Ирска, исто така, доживува сопствен удар како резултат на светската финансиска криза, но ова пак не влијае многу врз стандардот на пензионерите, а воедно и цените на недвижностите овде не се во пораст туку напротив во опаѓање. Ако сте во потрага по местото каде што луѓето секогаш се пријателски расположени и пријатни, ова е вистинското.

**Н.Трајкова**

Републичка ревија по по

# Збогатување на фолклорната и културната ризница

Во знакот на одбележувањето на 10–годишнината од регионалните ревии на песни, музика и игри, а по повод 66 години од пензионерското организирање и 21 година од осамостојувањето на Република Македонија, под покровителство на министерката за култура Елизабета Канческа–Милевска и градоначалникот на Скопје Коце Трајановски, на 25–ти септември во Универзалната сала во Скопје се одржа Републичката јубилејна ревија, наречена „Музичко патување со третата доба". Покрај покровителите, на Ревијата беа присутни: министерот за труд и социјална политика Спиро Ристовски, раководството на СЗПМ на чело со претседателот Драги Аргировски, претседателот на ССМ Живко Митревски, околу 800 учесници и повеќе од 1.500 пензионери, кои до последното место ја исполнија салата.






Од 45 здруженија на пензионери – учесници на Регионалните ревии на песни, музика и игри, кои се одржаа во 6 градови на РМ: Пробиштип, Кавадарци, Куманово, Тетово, Кочани и Битола, само неколку докрај не ги исполнија критериумите за настап на Републичката јубилејна ревија, која во најубаво светло ја манифестираше пензионерската подготвеност и посветеност во зачувувањето на културното богатство и негувањето на традициите во мултиетничкото општество на Република Македонија. Ова, всушност беше и поентата во трите говори што ги одржаа: претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**, градоначалникот на Скопје **Коце Трајановски** и министерката за култура **Елизабета Канческа-Милевска**, кои ветија дека и натаму ќе ги помагаат и поддржуваат ваквите манифестации на пензионерите.

– Овие ревии се многу значајни бидејќи придонесуваат за враќање од заборав на многу преубави изворни и староградски песни, ора и обичаи, со што се обновува и збогатува фолклорната и културната ризница на нашата земја. Во исто време, тие се можност за дружење, културна релаксација и ширење на пријателството и соживотот меѓу пензионерите, – рече, покрај другото, претседателот Аргировски.

Градоначалникот Трајановски вети дека Градот Скопје, во рамки на своите можности ќе излегува во пресрет на барањата на пензионерите, ќе ги разгледува нивните предлози, сугестии и иницијативи и ќе работи на решавање на конкретните проблеми. Исто така, ќе бара форми и ќе презема мерки кои ќе придонесуваат за збогатување на секојдневниот живот на пензионерите.

– Оваа манифестација е потврда на заложбите на пензионерите да учествуваат во креирањето на културниот и јавниот живот во нашата земја, почитувајќи ги трајните вредности кои се наше национално обележје. Денешната Ревија на песни, музика и игри го афирмира македонското изворно творештво, кореографскиот фолклор и ги обединува напорите на здруженијата кои во изминатите 10 години настојуваа да ја сочуваат нашата богата етнокореолошка традиција, – рече министерката Канческа–Милевска.

Оваа културна манифестација на пензионерите, која беше беспрекорно организирана, ја следеа и известуваа повеќе пишани и електронски медиуми, а за успешното спроведување придонесоа селекторот и режисерот Тихомир Бачовски и водителката Цветанка Илиева, која попатно кажуваше за искуството, за мудроста и вдахновеноста на неуморните ентузијасти од третата животна доба.

Ревијата импресивно започна со патриотската лична творба на пензионерката Спаса Јанкуловска „Не се мажам" со јасна порака: никој да не се лаже дека ќе ја раздвои и ќе ја присвои Македонија, а уште поимпресивно заврши со песната „Љубов голема" (Мила Македонија) на КУД од ЗП Прилеп „Пенка Котеска", која сите во салата ја прифатија и едногласно ја пееја.

За успешниот настап на 37–те здруженија – учесници, во хотелот NEW STAR во Визбегово крај Скопје, им беа врачени благодарници од СЗПМ, а со убави песни и ора во изведба на познатата пејачка Ирена Спасовска со бендот „Дрим – тим", под импресија на Ревијата продолжи дружењето на учесниците, кои од оваа манифестација понесоа трајни впечатоци.

Успешен домаќин на оваа значајна пензионерска културна приредба беше Сојузот на здруженијата на пензионерите на градот Скопје на чело со претседателот Крсте Ангелевски, а спонзор беше и компанијата „ТИНЕКС".


ЗП Битола и Прилеп


ЗП Гостивар


ЗП Чаир и Бутел


ЗП Богданци


ЗП Куманово


ЗП Дебар и Центар Жупа


ЗП Прилеп




ЗП Гази Баба


ЗП Тетово


ЗП Дојран


ЗП Крушево


ЗП Кавадарци


ЗП Кочани

вод 10 годишниот јубилеј

# Значајна културна манифестација за пензионерите, за градот и за државата


ЗП Радовиш и Конче


Елизабета Канческа-Милевска


Коце Трајановски


Драги Аргировски


ЗП Кичево

Во Универзалната сала во Скопје, во организација на СЗПМ, на 25 септември, беше одржана Републичка јубилејна ревија на песни, музика и игри. Почетокот на оваа културна приредба на пензионерите го најавија претставниците на ЗП Радовиш и Конче уште со самото пристигнување пред Универзалната сала на македонската Метропола, кои под ритамот на гајдите развија широко оро и со колоритните бои на нивните носии уште повеќе го привлекоа вниманието и интересот на минувачите. Како се наближуваше вистинскиот почеток на настанот, салата стана претесна за сите заинтересирани, па така за многумина граѓани немаше места во неа.

„Фестивалот” започна со одекот на „Химната на Македонија” со која заедно настапија хористите – пензионери од **Битола** и **Прилеп**. Глетката беше повеќе од импресивна – сите во салата стоеја простум и во еден глас ја пееја Химната.


Спаса Јанкуловска


ЗП Тетово

Откако стивна мелодијата, тишината ја наруши потресната драмска изведба на личната творба на пензионерка од **Демир Хисар** Спаса Јанкуловска „Отвори ми го срцето”. Сите со почит и восхитување ја следеа рецитацијата која не потсети на исконскиот аманет и заветувањето за чување на Македонија и нејзиното име.

Со посебен интерес и со бурни аплаузи беа проследени и поздравени говорите на претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** и на покровителите, градоначалникот на Скопје **Коце Трајановски** и министерката за култура **Елизабета Канческа-Милевска,** кои покрај другото, ја искажаа поддршката на пензионерите и заложбата за подобрување на квалитетот на животот на припадниците на третата животна доба. Потоа, почна Ревијата на песни, музика и игри, како вистинска манифестација на културното богатство и традициите во Македонија.


ЗП Охрид и Дебрца


ЗП Шуто Оризари

Со својот афирмиран хор и песната „Дај ми ги очите, дај ми го срцето“, први од здруженијата Ревијата ја отворија претставниците од **Штип**, а нивните соседи од **Пробиштип,** кои пред 10 години беа домаќини на Првата регионална ревија на песни, музика и игри, настапија како „Весели пензионери” со мешано оро и обичаи од нивното поднебје. ЗП **Кавадарци** настапи со пејачка група и песната „Каљо, Калино девојче”, а **Инвалидските пензионери** од истиот град ги застапуваше Трајче Лазаревски со песната “Јано ле, Јанке“. Потоа, како на бескрајна низа се редеа настапите на претставниците на ЗП од: **Неготино** со мешаната пејачка група и песната „Три ноќи не сум заспала”, **Богданци** – веселата тајфа со песната „Покрај Вардар македонски”, **Валандово** со „Љубеле се двајца млади” и **Гевгелија** со хорскиот настап и песната „Девере, китен девере”.




ЗП Берово


ЗП Воени пензионери

Со каква посветеност и со колкава љубов и ентузијазам пеат, играат и се веселат пензионерите можеше да се забележи и од настапите на здруженијата од: **Дојран** на пејачката група со „Бог да бие Тино”, **Струмица** со „Македонија незаборавна” и нивниот хор, **Свети Николе** со женското трио и „Жетва во Овче Поле”, **Радовиш** со женската пејачка група и „Болен ми лежи млад Стојан”, како и мешаното оро од Ињево.

Со квалитетни изведби на познати народни, патриотски и старогрaдски песни и ора, со порака за зачувување и негување на овој мелос, настапија здруженијата на пензионери: **Велес** – пејачка група и „Дигни си, Маре мори, очите”, **Солидарност** – Аеродром – песна во придружба на гајди, **Воени пензионери -** оро со солонастап и „Ој Вардаре македонски”, **Кисела Вода -** песна – „Оро се вие”, **Куманово** – „Умреја батко Ѓорѓија” –старогрaдска песна со играње, **Гази Баба** – хорска изведба “Ожени се” и гајда и кавал, **Ѓорче Петров -** соло–изведба „Филизо, мори моме”, **Карпош -** хорот „Серенада” со сплет во придружба на гитара и кавал, **Чаир - Бутел** – пејачка група и „Ајде Милке, да бегаме” и **Шуто Оризаро -** оро со „Ај Ромале”.


ЗП Македонска Каменица


ЗП Пехчево


ЗП Солидарност - Аеродром


Инвалидски пензионери - Кавадарци

„Триото кавали” од **Гостивар** со треперливите продорни звуци и песната “Возовите идат” како да ја најавија убавината на разноличието и едногласието на мултиетничноста во Македонија, која ја красат богатството на културата и на традициите. Убавите обичајни и традиционални песни, музички изведби и ора повторно ја исполнија сцената со прекрасни украси на облеките и носиите во колоритни бои. Сите настапи заслужуваат посебно внимание: **Тетово** – колаж од свадбарски адети и распеани тетовки – оро со дајриња, **Берово** – солист со хор и „Русе ле, моме убава”, **Македонска Каменица -** машко оро – потрчано и мешано со тапани, **Пехчево,** Михаил Шоповски со песната „Зајди, зајди”, **Кочани** – Тасе Атанасов со сатиричната песна “Пензионер” и мешано оро, **Крушево -** пејачка група со влашката песна „Уна дина ника сера”, **Дебар - Жупа** – рецитација на македонски и на албански „На моето единче” – Арфија Јонузи и Ирфан Ушренца, **Охрид и Дебрца -** хор со музичари и песна „Охрид, Охрид” и **Кичево** – оро четворка со гајда и оркестар.




ЗП Ѓорче Петров

Крајот на Ревијата беше највозбудлив и највпечатлив. Дуетот на КУД “Пенка Котеска” од **Прилеп** во придружба на хорот, со песната „За многу години, Македонци” ја крена публиката на нозе и сите едногласно ја прифатија и ја пееја. Потоа уште еднаш одекна силен аплауз како награда за организаторот и за учесниците и како потврда за успешноста на оваа најголема и најзначајна културна манифестација за пензионерите, но и за градот и за Државата.

**Мендо Димовски**

**фотографии: Мендо Димовски и Зоран Андреески - Трио маркетинг**



ПРОЧИТАВ ЗА ВАС

# Македонскиот поет кој го возбуди светот

*„Тој што во бој за слобода гине,*
*нема да умре, за него сѐ е*
*в жал - земја, небо, и ѕверовине,*
*и поетот песни за него пее.*" (Ботев)

Има автори за кои одамна имаш силна потреба јавно нешто да речеш, да викнеш, да крикнеш, да пробудиш... Но има во тебе и еден бдејач, на кого со време свикнуваш и му веруваш, кој те предупредува: *Стивни ја својата возбуда за да можеш како секоја одговорна личност да го ползуваш рационалниот расудок, да се завардиш од претерувања...*

**Вапцаров** е една од моите творечки легенди: со својот живот и со делото свое, кое „во секој македонски дом ***треба да е настолна книга веднаш до Прличев и Рацин".*** (Г. Тодоровски). Годинава се навршија точно 70 години од неговата џелатска смрт. Длабоко трогнат ги препрочитував „Спомени за мојот син" на мајката **Елена Вапцарова,** делот каде ги опишува последните моменти што ги минува со синот пред егзекуцијата. Никола ја моли да не плаче. „*Ти бараш од мене надчовечка сила*", се брани таа. „***Не бива, скапа мајко кралице, ти си родила борец, а крајот на борецот е слобода или смрт. ...од мојата смрт ќе се родат илјади борци за правда".***

За да ги согледаме причините за кр-вавиот злостор на црноборисовата власт, нужно е да се обѕрнаме назад во неговиот триесетитригодишен живот, творештво, национален и социјален контекст.

**Никола Јонков Вапцаров роден е на 28.12.1909 год. во гратчето Банско,** крај реката **Глазне,** во североисточното подножје на **вековно опејуваната Пирин Планина.** Тој е прворođенче на брачната двојка Иван (Јонко) и Елена (Вејзова) Вапцарови, обајцата Македонци од протестантска вероисповед. Идниот поет, драматичар, книжевен критичар, револуционер, антифашист – се формира под влијание на семејната средина, особено на мајката учителка, која му всади љубов кон книгите и татковината; на сопругата Бојка, Македонка пребегана од Егејскиот дел. И неговите сограѓани, вредни домаќини и работници, со докажан слободарски дух: се борат за ослободување од турското ропство, а подоцна од фашизираниот бугарски режим. Никола заврши шести клас гимназија во Разлог, кога таткото реши да го запише во Морнарско–машинското училиште во Варна, како поперспективно. Пропаѓа сонот да студира литература. Наместо да се обесхрабри тој ја теши мајка му: "*Не, мамо, не ми е мака што нема да учам литература.Ако јас можам да пишувам стихови, ќе станам поет и без да учам литературе... Напротив, ќе бидам поблизу до народот, до работникот и ако можам, ќе ја опишам неговата ропска мака".* (Е. В.: Спомени...) И напредната литература што жедно ја впива го прикрепува да израсне во јака **личност, правдољубива, сензибилна особено на нееднаквоста на луѓето**, **на газењето на човечкото достоинство и национална гордост. Неговото непоколебливо и јавно декларирано, и јасно изразено македонско чувство - и во поезијата - ја прелеа чашата.** Пристапот во БКП го жигоса како опасен државен елемент.

Проблемите на младиот машински техничар се интензивираат штом ќе почне да бара работа. Не очекува тешкотии зашто неговото занимање е конјуктурно. Но не го примаат и мора да прифати што и да е: најнапред работи на трговскиот брод „Бургас", некое време во фабриката за хартија во село Кочериново, каде се посветува на градење нова свест кај работниците: држи предавања, поставува пиеси со актуелна тематика. Власта го прогонува, а од фабриката добива отказ. Има и обид за атентат, за среќа, неуспешен. Повремено наоѓа работа и во други фабрики или како ложач во воз, во неподносливи услови, опасни по здравјето. Работи чесно, но не се мири со состојбите, не ги прифаќа како свршен чин. Се бунтува целото негово битие: „*Треба да се бориш, да се бориш, / сиот упорство ќе треба да се сториш,/ за да дрпнеш од устата пчошка/ од забите на тој пес накострешен/ лебец трошка"!* (**Фабрика**).

Првата песна ја објави на 17 години. Но неговото прво вистинско дело е драмата **Деветтиот бран.** Таа е современа семејна драма во ибзеновски дух, чии ликови имаат спротивставени погледи кон актуелните настани. За жал, **првпат е изведена дури 1957 г.** во Софија, **кај нас 1959 г.** во Скопје и Прилеп. Сепак, **Никола по вокација е поет**, Вистински ангажиран, револуционерен и родољубив поет. Неговата поезија нема урнеци, можеби по бунтот потсетува на Мајаковски, но не треба да се споредува со него, уште помалку да се поистоветува. Неговиот пев е автентичен. Одбивањето на издавачите ќе го натера да земе заем и во сопствена режија, **1940 год.** да ја објави стихозбирката **Моторни песни.** Втората, **Антологија,** излезе посмртно



**1946 г.** Неговата поезија е препознатлива по длабоката чувственост, непосредна доживеаност, без ненужни украси, директна, поимлива но не банално соголена, **елиптична.** Мотивите ги црпи од суровиот гнет и борбата за правда, националната кауза, афирмација на посебноста на неговиот народ, **македонскиот**. **И Татковината**, прецизирајќи ги нејзините коти, да нема двојба: **Пирин, Охрид и Егеј.** Саможртвата и неговото творештво го пленија миројубивото човештво. Достапен е на повеќе од педесет светски јазици, а во 1952. го доби високото меѓународно признание – **Почесната награда за мир,** во силна конкуренција меѓу 72 кандидати, која му ја пронесе славата низ светот. Италијанскиот нобеловец **Салваторе Квазимодо** ќе забележи: „***Народите кои имаат личности како Вапцаров, растат во очите на светот".***

Да се навратиме на оној **кобен** јулски ден **(23.07.1942 год.)** во кој **утрото беше осуден, а вечерта, во 21 часот и 10 мин. беше исправен крај затворскиот ѕид пред нишан,** заедно со петмина другари, **меѓу кои уште еден Македонец - Антон Попов.** Свештеникот чита прошталнa молитва, а Никола му вели: „***Јас не верувам во никаков бог, но за времето дури ќе ми читате јас ќе испеам една песна.***" И го запеа куплетот од песната на Ботев од поднасловот. Прифаќаат и другите. **Тогаш грмнува плотунот.**

Книгата **Одбрани творби,** приредена од неуморниот Гане Тодоровски, кој со аналитичкиот вовед на 37 страници ситен слог се обидува да го внесе читателот на вистински начи во Вапцаровиот книжевен свет. Застапени се: **Деветтиот бран, избор од двете стихозбирки,** и неколку писма до најблиските. Таа е пионерски потфат да се приопшти поцелосно големиот поет. **Прочитајте ја и двајцата ќе ви бидат благодарни за незаборавот.**

**Борис Шуминоски**

# Човек кој живее за спортот

Пензионерот Никола Иванов – Аспарух е роден во село Ранци во Егејска Македонија. Голготата на војната и раселувањето на егејските Македонци го зафаќа и неговото семејство. Војната ги носи од место до место, од селото Неохар Егејска Македонија до селото Врбјани кај Плевен, за најпосле да се доселат во селото Врсаково Штипско каде што го завршил основното училиште, а во Штип завршил и средно стопанско училиште. Неговиот татко го прекрстуваат во Аспарух, а тоа име тој го носи како спортски прекар по кој го препознаваат.

– Со спорт започнав да се занимавам во 1954 година како ученик во основното училиште во Три Чешми, населба каде што живеам и сега. Тоа беше едно околиско првенство. Бев жилаво момче, брз како „чигра" (вртало) и победив во атлетика. Подоцна во Штип како младинец се вклучив во стрелаштво, каде што екипно Ванчо Филипов, Душко Џидров и јас освоивме прво место за младинци. Во 1956 година во „вишебој" со Симеон Ренџов станавме прваци на Македонија во младинска конкуренција. Истата година се формира Ракометниот клуб „Текстилец", каде што јас бев еден од најдобрите голмани. Во 1958 година се формираше атлетскиот клуб, а 1959 година станав репрезентативец на Македонија во спринт. – Така хронолошки со спортски набој ги нареди Аспарух своите настапи и резултати за кои има освоено многу дипломи, медали и пехари.

– Во пензија отидов 1990 година, а 1994 година се организираа првите пензионерски спортски игри. Беа скромни со неколку дисциплини. Денес има единаесет дисциплини и со голем број натпреварувачи и е вистинска пензионерска олимпијада. Последниве шест години јас сум одговорен за спортот во нашето здружение и оттогаш имаме освоено шест екипни титули на регионално и на републичко ниво. На регионалните спортски игри на пензионерите во Струмица освоивме седум први места, четири втори места и две трети места. Задоволни сме од постигнатото, но најбитно е другарувањето. За овие резултати заслужни се натпреварувачите, но и раководството на ЗП Штип и



Карбинци со претседателот Михаил Василев, кој откако дојде на оваа функција внесе многу нова енергија кај натпреварувачите.

Така со елан и оптимизам зборува Никола Иванов – Аспарух, човекот кој живее за спортот. Со своите 75 години Аспарух цврсто чекори во животот и редовно учествува во спортските турнири. Како претседател на Комисијата за спорт на ЗП Штип и Карбинци се јавува како организатор, судија и тренер во повеќе дисциплини. Неговиот изглед е доказ дека тој е активен човек кој многу вложува во телото и духот.

**Цвета Спасикова**

Здружение на пензионери Сарај

# Летување во Албанија

Здружението на пензионерите на општина Сарај, последниве години, за своите членови организира и остварува организирано летување во Албанија. Оваа година, од 02.09.2012 до 12.09.2012 година, група од 52 пензионери од оваа здружение престојуваа на летување во Туристичкиот комплекс Тирана во Голем 1, Албанија.

Од летувалците во оваа група во трета доба, имаше еден дел кои за прв пат имаа можност да ја посетат Албанија, додека еден друг дел, прв пат да летуваат на море.

Оваа летување се оствари надвор од туристичката сезона со поприфатливи цени за џепот на оваа категорија.

Сместувањето беше во хотел со три јадења дневно и со многу добро услови.

Времето се погоди многу добро. И покрај тоа што сите беа од трета доба, добро им служи здравјето со исклучок на некои поситни проблеми во врска со крвниот притисок.

Покрај престојот крај морскиот брег, тие во групи ги посетија градот Драч и Тирана, додека при враќање и Елбасан.

Сите се вратија здрави и живи со желба да им помогне здравјето за да одат и друг пат. Групата ја водеше секретарот Махир Дураку.

**Баки Бакиу**

Средба со ликовниот уметник и педагог Коста Хаџи Антоновски

# Светот е неговото ателје

Битола – градот на конзулите – во секое време од годината пленува со својата убавина. Над градот се извишува гордиот Пелистер, во градот – Старата битолска Чаршија, наоколу – плодната Пелагонија. Есен е. По улиците, особено по парковите, се ткае килим од жолто злато. Но, покрај овие пред посетителот се откриваат и други предизвици за да дојде во Битола. Тоа е град со повеќе културни манифестации што го афирмираат во земјава и надвор од неа. Една од нив е и „Малиот битолски Монмартр" кој навлегува во четвртата деценија од своето постоење. Со желба да го претставиме идејниот творец Коста Хаџи Антоновски пензионер, ликовен уметник – верен сопатник на детството, го замоливме за разговор. Средбата со него уште еднаш не увери дека оваа година, прогласена од ЕУ за година на активно стареење и на меѓугенерациска соработка и солидарност, во Република Македонија ги инспирира пензионерите творци да се дружат со најмладите за да им го пренесуваат своето скапоцено искуство. Со нему својствен ентузијазам и посветеност, работејќи со талентираните ученици од основните училишта, тој создаде манифестација позната во светот. Секоја година во Битола доаѓаат талентирани деца од четириесетина земји како културни амбасадори. Со тоа „Малиот битолски Монмартр" стана вториот бренд (по фестивалот на филмска камера "Браќа Манаки") во градот под Пелистер.

**Како се роди „Малиот битолски Монмартр"? - е нашето прво прашање до уметникот, добитник на многубројни домашни и меѓународни признанија, меѓу кои и „Климентовата награда" на Република Македонија, Медалот на честа на Париз и Орденот на Република Франција за култура.**

– „Малиот битолски Монмартр" работи во рамките на Детското ликовно студио „Св. Кирил и Методиј" во Битола, формирано во 1981 година. Почетните услови за работа постојано се подобрувaa, а дејноста се збогатуваше. Денес бројките не исполнуваат со радост и гордост: Битола се здоби со непроценливо ликовно богатсвтво, повеќе 500.000 прекрасни творби подарок од децата на Европа и светот. Зашто светот е нивно и мое ателје – допира до нас тивкиот глас на уметникот додека им се восхитуваме на убавините на Широк Сокак.



**„Малиот битолски Монмартр" е најголема манифестација од овој вид на светот благодарение на ентузијазмот на ликовните педагози, на поддршката од градот и од државата. Сигурно тоа Ве исполнува со задоволство. Кои се поконкретно ефектите од работата со најмладите.**

– Во изминатите години во нашето студио поминале повеќе од 1700 деца. На неколкумина од нив ликовната уметност им станала животна професија, а 17 станале академски сликари. Од изложбите ширум светот и од натпреварите во голем број метрополи се враќавме со високи признанија. Посебно треба да се одблежи колекцијата „Бисерите на Монмартр" – празник за очи на секој посетител. Тоа се однесува најмногу на добитниците на највисокото признание „Гранд при" кои се посебно среќни – вели овој скромен човек кој во 77. година од животот одбележува голем творечки јубилеј – 56 години ликовна дејност.

Пријатниот есенски разговор во Широк Сокак приврѓшува. Ја напуштаме убавата Битола, богата со детска љубов и уметност. Горда на една манифестација – организатор на три изложби за Гинис: во 1995 година во Битола, 1996 година во Скопје и наредната година во Белград со 24.558 детски творби. Колку слики, толку детски остварено соништа и честитки за Коста Хаџи Антоновски, пензионер кој целосно се определил за стареење преку работа и дружење со младите ликовни надежи. Човек кој добро ја сфатил максимата: Највредното не се совладува, до него се стасува!

**Перо Миленкоски**

# Поет на мечтаењето и на болот

Трајко Ј. Босеовски, од Штип е медицински техничар во пензија од 1990 годи Разделеноста од блиските распрснати по светот и празното огниште му го наметнуваат болот и мечтаењето, кое, како што рекол Пруст, повремено може да биде опасно, но лекот не треба да се бара во престанувањето, туку во продолжувањето. Ставајќи го ова на хартија, Босеовски стана автор на шеснаесет книги од кои позабележливи му се стихозбирките: „Рударољубци", „Тврдина", „Сонцељубиви", „Роднокрајни копнежи" и други. Има напишано и монографии за паднатите борци, и тоа: „Киро Кукушев", „Ѓошо Сламката", „Станое Данев – Стари", а особено му е драга монографијата за родното место „Градешница".



**Како го поминувате времето и кои се вашите активности?**

– Член сум на Клубот на писатели „Искра" во Штип од 1974 година, член сум на Сојузот на борците и на Здружението на пензионери. Бев хонорарен дописник на весникот Нова Македонија од 1970 до 2000 година и пишував за Штипски весник. Имам објавувано во списанијата Развиток, Македонија и во Современе. Како медицинско лице имам дарувано 38 пати крв за да помогнам во мака. Имам добиено многу признанија, но најдраго ми е признанието „Златен медал" доделен од Црвениот крст на Македонија – скромно изјави Босеовски.

**Што е тоа што ве поттикнува да пишувате?**

– Не знам, можеби е нешто однатре. Нашиот Ацо Шопов има напишано: „Има нешто не изречено, нешто што таи и пече". Знаеме дека не се станува поет без Божја дарба и неа ја имате, или ја немате. Поддршка во макотрпната работа на авторот, не само од семејството, е повеќе од потребна. Затоа посебна благодарност упатувам до ЗП Штип и до претседателот Михаил Василев кој знае да го цени и да го помага творештвото. Можам да кажам дека повеќето мои книги ги издадов во третата доба, кога имав доволно слободно време. Секој пензионер треба да си го исполни слободното време со корисни нешта што го чинат среќен. Јас мечтаењето и болот ги преточувам во поезија.

Трајко Ј. Босеовски е поет, хроничар на времето изодено. Со својата тивка, ненаметлива нарав, скромно чекори во градот под Исарот, а понекогаш сака да прочита лична творба пред бистите на паднатите херои. Иако длабоко е влезен во деветтата деценија, сѐ уште твори и неодамна ја издаде седумнаесеттата книга раскази „И тие се converted за татковината" посветена на борците од НОБ.

**Ц. С.**

11. Републички спортски игри на Здруженијата на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија – „Маврово 2012"

# Тетово традиционален победник

Во организација на Сојузот на Здружени–ујата на инвалиди на трудот и корисни–ци на инвалидска пензија на Република Македонија – Скопје, со помош на Здружени–



јата на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија од Тетово и Гостивар на



15. септември 2012 година во кругот на хоте–лот "Макпетрол" Маврово се одржаа 11–те



Републички спортски игри на инвалидите на трудот и корисници на инвалидска пензија на Република Македонија – Скопје. Присуствуваа 350 пензионерии гости од кои преку 100 пен–зионери – спортисти од 143 здруженија од на–шата земја и тоа од: Битола, Кочани, Гази Ба–ба – Скопје, Бутел – Скопје, Центар – Скопје, Струмица, Куманово, Гостивар, Тетово, Гевге–лија, Валандово, за прв пат учествуваше Штип, како и Здруженијата на инвалидски пензионери од Кавадарци и Прилеп.

Учесниците и гостите ги поздрави Претсе–дателот на Сојузот на здруженијата на инва–лиди на трудот и корисници на инвалидска пензија на Република Македонија **Гидо Бој–чевски** со што беа отворени спортските игри во дисциплините: стрелање со воздушна пуш–ка, шах, пикадо, влечење јаже, трчање мажи на 80 метри, трчање жени на 60 метри, скок од место, троскок од место и фрлање ѓуле, при што беа постигнати следните резултати: Сев–купен победник беше Здружението од Тетово, пред Здружението од Гостивар и Здружението од Битола, а по дисциплините пласманот беше следен:

- Стрелање со воздушна пушка – жени: Те–тово и Гевгелија, мажи: Тетово, Куманово и Струмица.
- Шах – мажи: Тетово, Гостивар и Гази Баба – Скопје.
- Пикадо – жени: Тетово, Битола и Кумано–во, мажи: Скудриње, Гостивар и Тетово.
- Влечење јаже – жени: Тетово и Битола, мажи: Штип, Гостивар и Тетово.
- Трчање – жени: Доста Михајловска – Би–тола, Лиле Радевска – Гази Баба Скопје, Ол–гица Јовановска – Гостивар, мажи: Махир Се–лими – Гостивар, Цветко Момировски – Тето–во, Раде Јовановски – Биола.
- Троскок од место жени: Милица Јосифо–вска – Битола, мажи: Садула Халили –Тетово, Видан Павловски – Гази Баба – Скопје, Дамјан Јанкоски – Гостивар.
- Скок од место–жени: Гордана Столеска–



Битола, Трајанка Давиткова – Битола, Милена Јовановска – Гостивар, мажи: Стојан



Силјановски – Гостивар, Љубе Антовски – Гази Баба Скопје, Славко Трајчевски –



Тетово.

- Флање ѓуле–жени: Софија Михајловска – Штип, Звезда Коцева – Штип, Илида Стефановска – Тетово, мажи: Тони Бучковски – Тетово, Добре Петрушев – Кочани, Спасен Цуцулевски – Прилеп.

Натпреварите поминаа во другарска атмо–свера и спортски дух.

**Л.Т.**



## НАШАТА НИРВАНА

*На Кочо Рацин*

Кога повторно ќе се родам,
јас РАЦА ќе се викам
како мојата баба, впрочем.

Кога повторно ќе се родиш,
ти пак РАЦИН ќе си бидеш,
зашто мене ќе ме љубиш, впрочем.

Кога за БЕЛИ МУГРИ заедно ќе сониме,
во струшката чаршија ќе се будиме....
Ти за тоа мечтаеше, впрочем.

И ноќе кога Месечко со свила ќе нè
покрива и кога ветерчок песна ќе ни пее,
како на гробот од Ленка, впрочем.

Ти во Тристан тогаш ќе се сториш,
а јас Изолда твоја ќе станам.
Како што заслужуваме, впрочем.

И ние – ти КОЧО и јас РАЦА – никогаш
не ќе умреме. Венчани во Струга,
како што заслужуваме, впрочем,

Со рацете на светот ќе се ракуваме
ние, децата горди македонски.
оти во Македонија се родивме, впрочем.

Ах, кога повторно ќе се родиме, ние
никогаш не ќе се разделиме, оти
ние во НИРВАНА веруваме, впрочем.

**Мирјанка Р. Селчанец,** пензионерка од Прилеп, авторка на обемен опус од сите жанрови, главно создавани во пензионер–ско доба. Стиховиве се од нејзиното по–етско првенче **Венец од мирта**. **(Б.Ш.)**


MERKUR

*Попуст 5% за најискусните*

*"Се што ќе посакам"*

*Секој Вторник и Петок во месецот*
*со приложена лична карта жени над 62год. мажи над 64год.*

**ПРОДАЖНИ ПРОГРАМИ**
-Опрема за двор и градина
-Електрика и водовод
-Дрво и дрвени производи
-Алати и машини
-Бои и лакови
-Домаќинство

*Контакт информации*
*Телефон:* +389(02)3219 730
*Факс:* +389(02)3219 742
*Емаил:* general@merkur.eu
*Веб адреса:* www.merkur.eu




Delegacion i pensionistëve në Qeverinë e RM

# PENSIONET DO TË RRITEN PREJ MARSIT 2013

Më 26 korrik, drejtues të LShPM ishin në një takim në Qeverinë e Republikës së Maqedonisë, takim që u mbajt me premierin **Nikolla Gruevski**, zëvendës kryeministrin, njëherësh dhe ministër për financa **Zoran Stavrevski** dhe ministrit për punë dhe politikë sociale **Spiro Ristovski**. Në



këtë takim, ishte shpallur vendimi i Qeverisë për rritjen e pensioneve për 7 për qind duke filluar prej 1 marsit të vitit 2013.

Rritja prej 5 për qind e kalkuluar në llogarinë buxhetit për vitin 2013. Na, me gjithë kushtet e vështira në të cilat gjendet ekonomia evropiane dhe maqedonase, këtë ia patëm premtuar pensionistëve dhe mbetemi në premtimin. Përveç 5 për qindëshit, do të ketë edhe indeksim që varet nga lëvizja e harxhimeve të jetës dhe të rrogave e cila do të jetë rreth 2 për qind për vitin e ardhshëm, kështu që kjo rritje do të jetë rreth shtatë përqind,- tha Stavrevski. Ai potencoi se Qeveria edhe më tutje do të realizoj premtimin që pensionet të paguhen në javën e parë të muajit. Shumë është e rëndësishme që pensioni t'ju arrij në llogari në javën e parë të muajit. E dimë se pensionet gjithnjë nuk janë të mjaftueshme, por është me rëndësi që pensionistët dhe familjet e tyre të dinë se do t'i marrin në kohë, me qëllim që të planifikojnë harxhimet familjare. Ashtu ishte deri më tani, ashtu do të jetë edhe në të ardhshmen. Me gjithë vështirësitë, pensionet janë prioritet i yni, dhe do të paguhen ashtu siç kemi premtuar, - tha Stavrevski.

Zëvendës kryeministri përkujtoi edhe në disa masa të tjera me të cilat Qeveria e mban standardin e pensionistëve siç është ajo që u shpall ditë më parë që edhe të shtunat pensionistët pa pagesë të shfrytëzojnë transportin publik të qytetit, uljen e çmimit të ilaçeve, si dhe masën, të gjithë pensionistët të cilët i kanë pensionet më të ulëta se mesatarja, prej vitit të ardhshëm pa pagesë të mund të mjekohen në spitalet e shtetit. Nëse mblidhen të gjitha këto masa do të vërtetohet se Qeveria mban llogari të posaçme për të rriturit dhe për ato të cilët gjatë kohës së punës kanë merituar që tani të kenë më pak mundime dhe t'i shfrytëzojnë pensionet në mënyrën më të mirë, - theksoi zëvendës kryeministri.

Takimi me pensionistët janë gjithashtu edhe takimet me bujqit, me biznesmenët...

Ajo është mënyrë e punës së Qeverisë e cila e bën të ndryshme nga ato të kaluarat. Na, mbetemi gjithnjë të hapur ndaj të gjithëve dhe kur mundemi t'ju sjellim lajme të mira dhe kur duam ti pyesim se si duhet ta bëjmë, të na japin këshilla. Gjithnjë kur është vështirë dhe nuk mund ta realizojmë, patjetër të shihemi me njërëzit, të sqarohemi, të bisedojmë me qëllim që të mos ketë keqkuptime. Njërëzit duhet të dinë se çka bëjmë. Ajo është mënyra jonë e punës, - tha zëvendës kryeministri Stavrevski dhe shtoi se nga pensionistët marrin edhe këshilla, sepse me ata ndajnë edhe disa mendime të caktuara se si duhet të realizohen disa masa.

- Na jemi të kënaqur me këtë vendim të Qeverisë për rritjen e pensioneve të pensionistëve. Kjo do të përshëndetet nga të gjithë pensionistët sepse e dimë se është krizë ekonomike në Evropë, indeksimi në shumë shtete është ndërprerë, diku pensionet janë ulë, ndërsa na rregullisht i marrim pensionet në javën e parë të muajit. Me këtë rritje në një mënyrë do të kontribuohet që të zbutet varfëria që e mbart secila krizë ekonomike, - tha kryetari i LShPM **Dragi Argirovski.**

- Ja për shembull për masën e fundit për rritjen e pensioneve bisedojmë dhe do të bisedojmë se si të realizohet ajo masë, a të shkojmë me pesë përqind tek të gjithë ose shpërndarja e mjeteve të bëhet në sasinë absolute. Se si do të jetë, do të varet nga bisedimet,- tha zëvendës kryeministri Zoran Stavrevski.

Prandaj.

Sipas tij, nuk ka asgjë jo të zakonshme në takimet dhe bisedat e shpeshta me pensionistët. Takime të tilla do të ketë edhe në të ardhshmen.

Në takim u thanë vlerësime pozitive për organizatën, kualitetin dhe masivitetin në garat e 17-ta Republikane sportive dhe të Paraqitjes të këngës, muzikës dhe lojërave që u mbajtën në Shkup nën patronazhin e Qeverisë së Republikës së Maqedonisë.

**Kalina S. Andonova**

Paraqitje me rastin e jubileut 10 vjeçar

# Këngët dhe kujtimet prekën zemrat e 1500 pensionistëve dhe mysafirëve

Më 25 shtator, në Sallën universale në Shkup, u mbajt Paraqitje e këngës, muzikës dhe lojërave. Ajo u mbajt me rastin e jubileut dhjetëvjeçar i paraqitjes, e nën patronazhin e ministres së kulturës **Elizabeta Kançeska – Milevska** dhe kryetarit të qytetit të Shkupit dhe kryetar i NJBVL (ZELS) **Koce Trajanovski**. Rëndësinë e manifestimit e rritën edhe pjesëmarrja e ministrit për punë dhe politikë sociale **Spiro Ristovski**,



kryetari i Lidhjes së Sindikatës të Maqedonisë **Zhivko Mitrevski,** këshilltari i ministrisë për punë dhe politikë sociale **Zoran Bllazhevski** dhe shumë mysafirë të tjerë të cilët e respektojnë popullatën e pensionistëve. Nikoqir e këtij takimi të bukur të paharrueshëm kulturor ishte Lidhja e shoqatave të pensionistëve të qytetit të Shkupit.

Edhe kësaj here pensionistët u treguan si roje e vërtetë i traditës dhe identitetit për të gjithë ata që jetojnë në Maqedoni. Duke i kthyer në kujtesë këngët dhe vallet iu mbushën shpirtin me gëzim dhe kujtesa mbi 1500 pensionistëve të cilët kishin ardhur nga të gjitha 56 shoqatat të pensionistëve anëtare të Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë, por për fat të keq pati edhe prej atyre të cilët nuk patën sukses të hynë në sallën e stërmbushur.

Pas fjalëve përshëndetëse të kryetarit të LShPM **Dragi Argirovski,** kryetari i qytetit të Shkupit **Koce Trajanovski** dhe ministra e kulturës e Republikës së Maqedonisë **Elizabeta Kançeska – Milevska,** u radhitën këngë dhe valle nga të gjitha anët e vendit tonë. Muzika ishte festë për shpirtin, ndërkaq veshjet e ndryshme shumëngjyrëshe ishin festë për sytë. Ishte bukuri e paparë e këngës dhe valles të cilat në momente e këndonin të gjithë të pranishmit në sallë. Tre orët kaluan shpejt, ndërsa gëzimi dhe shoqërimi vazhduan në kompleksin e hotelit NEW STAR, ku u ndanë edhe falënderime të gjitha shoqatave të cilat morën pjesë në paraqitje me rastin e jubileut dhjetëvjeçar. Shumë nga pensionistët që kishin ardhur nga qytete të tjera të shtetit, e shfrytëzuan këtë ditë të bukur vjeshtor me diell edhe për të vizituar qytetin, viset kulturore, përmendoret, muzeun...

Me këtë manifestim kulturor me të ci-lin u pasurua jeta kulturore e pensionistëve, qytetit dhe shtetit, është edhe një aktivitetet iLidhjes në dobi të plakjes aktive dhe jetës më përmbajtjesore të popullatës së pensionistëve.

**K.S.A.**

Seanca e 14 e KE të LShPM

# Vlerësime pozitive të aktiviteteve në shtator

Këshilli ekzekutiv i LShPM më 27 shtator mbajti mbledhjen e 14 në të cilën posaçërisht u bë vlerësimi për aktivitet e shumta të suksesshme me rastin e 20 shtatorit – Ditës së pensionistëve në Maqedoni. Aktivitetet në shtator i tejkaluan pritjet, theksoi gjatë hapjes së mbledhjes kryetari **Dragi Argirovski**, duke argumentuar atë me masivitetin dhe kualitetin e Paraqitjes regjionale të këngëve, muzikës dhe lojërave në Koçan dhe Manastirë, në takim në Lesnovo dhe Kërçovë, në manifestimin jubilar në Veles dhe në manifestimin kulturorë në Kavadar, në promovimin e monografisë në Ohër etj. Gjithsesi, siç kujtoi Argirovski, në fokus ishin edhe dy manifestimet që i organizoj LShPM: garat republikane sportive të cilat së pari herë u mbajtën në Shkup dhe Paraqitja republikane e këngëve, muzikës dhe lojërave, me rastin e jubileut dhjetëvjeçar të paraqitjes.

Garat republikane sportive u mbajtën në kompleksin e hotelit NEW STAR në Shkup, nën patronazhin e Kryetarit të Qeveris së Republikës së Maqedonisë, **Nikolla Gruevski,** i cili në fjalën e tij solemne theksoi se pensionistët meritojnë respekt dhe mbështetje të madhe nga të gjithë, e posaçërisht nga Qeveria. Në Olimpiadën sportive Shkupi 2012 fjalë përshëndetëse patën edhe ministri për punë dhe politikë sociale **Spiro Ristovski**, kryetari i LShPM **Dragi Argirovski**, kryetari i komunës Gjorçe Petrov **Sokol Mitrovski** dhe kryetari i ShP Gjorçe Petrov **Metodija Novkovski**, nikoqir i lojërave.

Ky manifestim i rëndësishëm sportiv në të cilën morën pjesë dhe u shoqëruan mbi 1150 garues dhe mysafir, anëtarët e KE të LShPM vlerësuan njëzëri si një ndër më të suksesshmet derti më tani.



Paraqitja republikane e këngëve, muzikës dhe lojërave e cila u mbajt me rastin e jubileut 10 vjeçar të Paraqitjeve, e mbushi sallën universale në Shkup, si asnjë koncert ose manifestim kulturor që është mbajtur kohët e fundit në këtë godinë. Para 1500 të pranishmëve, në hapjen e manifestimit folën at që ishin nën patronazh të paraqitjes, ministra e kulturës **Elizabeta Kançeska – Milevska** dhe kryetari i BNJVL (ZELS) dhe kryetar i Shkupit **Koce Trajanovski** dhe kryetari i LShPM **Dragi Argirovski.** Në programin mjaftë kualitativ morën pjesë 37 shoqata të pensionistëve të cilët dhanë maksimumin e tyre në paraqitjet e prezantuara me qëllim të paraqitjes në dritën më të mirë.

Për këtë manifestim të pensionistëve, në seancën e KE të LShPM ishte konstatuar se kjo paraqitje për nga kualiteti dhe masiviteti ishte mbi gjithë të priturat, ndërkaq, vlerësim të tillë dhanë edhe të gjitha mediat.

Në seancën, nënkryetari i KE të LShPM i lajmëroi të pranishmit se LShPM u paraqit në thirrjen publike të Qeverisë për pjesëmarrjen e sektorit qytetar në përgatitjen e Programit të Qeverisë për vitin 2013.

Në seancë, për anëtar të Këshillit drejtues të Fondit pensionist invalidor të Maqedonisë, me aklamacion ishte propozuar kryetari i LShPM Dragi Argirovski.

Anëtarët e KE ishin lajmëruar se me 1 tetor të vitit 2012, në Festivalin ZZHD në Lubjanë – Slloveni, do të jetë mysafirë ShP nga Koçani, ndërkaq, udhëheqës i delegacionit maqedonase do të jetë Gjorgji Serafimov, anëtar i KE dhe kryetar i ShP Koçan.

Në rend dite të seancës ishte edhe informacioni për përgatitjen e takimit me të gjithë korrespondentët me rastin e numrit të 50-të të gazetës "Penzioner plus" në të cilin do të mbahet edhe seminar i vogël me të gjithë korrespondentët e rregullt. Në seancë u soll vendim që Komisioni për shëndetësi dhe politikë sociale i LShPM të përgatis informacion për situatën e shtëpive të pensionistëve në Maqedoni me të cilat ekonomizojnë shoqatat e pensionistëve – anëtare të LShPM. Në diskutim morën pjesë: Jovan Eftimov, Ilija Adamovski, Stevo Bojaxhiev, Done Todorovski, Gjorgji Serafimov, Dushko Ristevski, Ramiz Qazimovski, Aleksandar Zahariev, Stanka Trajkova, Metodija Toshevski, Zore Mickoski, Besnik Pocesta, Spiro Nikolovski, Osmanfari Adem, Nadezhda Davçeva etj.

**Kalina S. Andonova**

# Memorandum për bashkëpunim ndërmjet LSM dhe LShPM

Bashkëpunimi ndërmjet Lidhjes së Shoqatave të Pensionistëve të Maqedonisë (LShPM) dhe Lidhjes së Sindikatave të Maqedonisë (LSM), më 8 tetor të këtij viti, në lokalet e LSM, ishte nënshkruar Memorandum për bashkëpunim të këtyre dy organizatave të rëndësishme joqeveritare. Kryetarët e dy lidhjeve, i LSM Zhivko Mitrevski dhe i LShPM Dragi Argirovski dhanë deklarata për mediat e shkruara dhe ato elektronike, ku theksuan rëndësinë historike të kësaj ngjarje, me çka pritet të rritet ndikimi i veprimit të punëtorëve dhe i pensionistëve në realizimin e të drejtave të tyre ligjore.





Në këtë takim, në të cilin morën pjesë drejtues të dy Lidhjeve, ndër të tjera, ra fjala për përpunimin dhe implementimin e projekteve me interes për të dy anët dhe realizimin e qëllimeve me interes të përbashkët.

**M.D.**

ShP Ohër dhe Debërcë

# U SHËNUA DITA E PENSIONISTËVE

Ditën e pensionistëve të Maqedonisë 20 shatorin, ShP Ohër dhe Debërcë e shënuan në mënyrë solemne. Në prani të numri të madh pensionistësh dhe mysafirësh nga qytetet mike Vranje nga Serbia, Pogradecit nga Shqipëria, si dhe përfaqësuesve të LShPM, të pranishmëve iu drejtua kryetari i Kuvendit të ShP Ohër dhe Debërcë, **Marinela Jovanoviq,** e cila foli për fillimet e organizimit pensionist në Maqedoni, me theks të veçantë të shoqatës së tyre.



Në manifestimin solemn me rastin e kësaj Dite të pensionistëve, merrte pjesë nënkryetari i Kuvendit të LShPM **Besnik Pocesta**, ndërkaq, në emër të LShPM festën ua uroj dhe ju dëshiroj shëndet të mirë, jetë të gjatë dhe për me shumë suksese, sekretari i Këshillit ekzekutiv i LShPM **Stanka Trajkova,** e cila në fjalimin e saj tha fjalë lavdëruese për sukseset e arritura të ShP Ohër dhe Debërcë, sidomos Aktivit të pensionistëve. Ajo, gjithashtu ju uroj për rezultatet e shkëlqyeshme të arritura në garat e 17-ta Republikane sportive si dhe për rezultatet në planin e jetës kulturore zbavitëse.

Në Manifestimin solemn, në emër të komunës Ohër, pensionistët dhe mysafirët i përshëndeti edhe kryetari **Aleksandar Petreski**, i cili tha se pensionistët janë pjesë e historisë së Maqedonisë, sidomos në periudhën e pas luftës. Kryetari Petreski, vërtetoi se përfundimisht është ndarë lokacioni në të cilin do të ndërtohet Shtëpi për personat pleq, njëherësh ai paraqiti edhe nismën e mëhershme e cila është në realizimin përfundimtarë, dhe pensionistët e Ohrit të marrin transport autobusi pa pagesë.

Manifestimi solemn i festës ishte pasuruar edhe me program kulturor artistik me disa këngë nga Grupi i këngëve "Raspeani ohrigjani".

**K. Spaseski**

**Faqen e redaktoi Baki Bakiu**

# Антибиотик кој храни

Денес, кога поради претераната употреба на синтетички антибиотици повеќето микроорганизми стекнаа отпорност на нив, неопходно е да се најдат помудри решенија кои ги нуди природата. Целта на секој лекар е Primum non nocere, то ест првенствено да не се наштети на својот пациент. Сите знаеме дека синтетичките антибиотици предизвикуваат нуспојави кои настануваат веднаш или некое време по нивното користење, додека даровите на природата немаат непосакувани последици. Истражувањата потврдуваат дека во природата постојат множество производи со антибиотско дејство. Прополисот е еден од нив. Тоа е совршен производ кој го храни и лечи човечкото тело. Прополис е заедничко име за смеса на смолести супстанции која пчелата ги собира од цветовите на различни растенија. Пчелите го собираат и го мешаат со секретот на жлездите од вилицата, ензимски го модифицираат така што најважните составни делови, флавоноидите, стануваат активни материи. Прополисот е со специфичен изглед, со единствен горчлив вкус, со карактеристичен и со ароматичен мирис. Составот и бојата на прополисот зависи од растителните видови од кои пчелите собираат материјал и од годишното време.

Прополисот традиционално се користи преку 2000 години.

Историските записи покажуваат дека прополисот бил важен и ценет производ во медицината на Египјаните, Вавилонците, Арапите, Грците, Римјаните и кај многу други древни народи.

Прополисот содржи 50% смола, 30% восок, 10% етеречно масло, 5% цветен прав, многубројни витамини и минерали, органски киселини, полифеноли, флавоноиди.

Флавоноидите се во најголема мера заслужни за лековитото дејство на прополисот.

Тоа се пигменти присутни во овошјето, зеленчукот, цвеќињата и во кората на дрвјата. Тие имаат антиоксидантно дејство, а нивната улога е да ги заштитат билките од патогените од околината.

Во прополисот се застапени многубројни флавоноиди: галангин, кверцетин, кризин, кемпферол, апигенин, пиноцембрин и пинобанксин. Тој е еден од оние лекови на природата кој убива се што му пречи на здравиот организам. Истовремено го чува здравото ткиво и го лечи заболеното.

Со многубројни истражувања е утврдено дека прополисот е природен анестетик, антиоксидант, антисептик, антибиотик, дека дејствува против повеќе вируси вклучувајќи го и вирусот на грипот. Одличен е во борбата против габични заболувања и паразити.

Посебноста на прополисот е што бактериите на него не создаваат отпорност и нема штетни појави, што е мана кај синтичките антибиотици. Пред легнување доволно е да се намачка подрачјето на градите со прополис за да го смирите кашлањето и да се обезбедите со длабок сон.

Маста од прополис е одлична за рани кои тешко зараснуваат, како и за многу кожни заболувања: акни, егзема, псоријаза, дерматитис, габични заболувања на кожата, на ноктите и на влакната. Особено е ефикасна кај чирови, изгореници и убоди.

Прополисот има својство да го спречува т.е. запира абнормалното размножување на ќелиите (цитостатик) и лечи бенигни тумори.

Прополисот помага и во случаи на тешки дијареи, каде што другите лекови се беспомошни.

Како врвен активен биостимулатор, прополисот придонесува на подобрување на целосната состојба на организмот, во нормализација на метаболизмот и имунитетот.

Се употребува и за лечење на болестите на увото и усната празнина. Одлични резултати дава во лечењето и превенција на запаление на грлото. Помага кај забоболка, парадентоза, непријатен здив, хемороиди, запаление на уринарните канали и кај гастритис.

Како јак антиоксидант делотворно дејствува против слободните радикали, кои денес се сметаат за причинители на многу, па и на најтешки болести како атеросклероза, катаракта, рак, Паркинсонова и Алцхајмерова болест.

Најновите истражувања покажуваат дека прополисот го јакне и имунолошкиот систем.

Поради изобилството на биолошко активните материи кои се неопходни на секоја ќелија на нашето тело, со право можеме да кажеме дека прополисот е „антибиотик кој храни и лекува".

**Подготвила Т. Гавровска**

# Здравјето на очите дел од јасната визија за животот

На возраст од 65 години, еден од тројца Македонци имаат некоја болест која го засега видот. Поголем број од нив не знаат за присуството на заболувањето заради недостиг на предупредувачки знаци, но слабиот вид не е дел од нормалната старост и затоа се препорачува редовна посета на лекар на секои 1– 2 години. Се поставува прашање кои болести во врска со видот можеме да ги очекуваме во поодминати години или во така нареченото златно доба од животот? Еве неколку кои се и најчести:



**Пресбиопиа:** Нарушена способност да се фокусира на блиски објекти. Ова му се случува на секој. Најчесто се забележува првпат на возраст меѓу 40–50 год. типично резултира со носење очила за читање или бифокали.

**Катаракта:** Предизвикана е од заматување на леќата во окото. Речиси секој би ја имал на 90 години, но пушењето и УВ зраците ја зголемуваат шансата за добивање на катаракта порано. Симптоми: затемнет, нејасен вид дури и со очила; проблеми со светло од сонце или автомобили посебно навечер

**Старосна макуларна дегенерација:** Ова е водечка причина за слепило над возраст од 50 години. Постепено се уништува централниот дел од ретината (макула) и тоа три пати почесто кај пушачите. Нема лек за оваа болест. Постојат 2 форми на оваа болест: сува и влажна. Се препорачува преглед на очен лекар со дилатирани пупили секои 2 години, но и промени во начинот на живот:

- Стоп на пушењето
- Јадење темно зелени листести зеленчуци (богати со витамини и минерали)
- Носење очила за сонце (плава светлина има поголем штетен ефект од ув зраците),
- Витамини за очи: Бета каротен, Лутеин, Витамин Е, Зеаксантин, Антоцијаниди , Витамин Ц, Омега масни киселини 3,6,9

Ова е дел од содржината на презентацијата која ја одржа **Др. Билјана Јованоска Димитровска** во соработка со **Магистар фармацевт Билјана Димова**. На почетокот на Септември Веледрогерија Фармас МН генерален увозник и застапник на фирмата Фармамед од Травник – Босна, организираше предавањата на тема „Здравјето на очите дел од јасната визија за животот" со цел пензионерите од неколку здруженија да добијат јасна представа за најчесто сретнуваните заболувања на очите кај луѓето над 50 годишна возраст и покачување на свеста за очните болести како и нивна превенција. Исто така беше презентиран „Макулеин" кој е диететски производ и додаток во исхрана кој се препорачува при макуларна дегенерација, катаракта, кај долготрајно напрегање на очите при вештачка светлина, како и при прекумерна изложеност на УВ зраците. Покрај тоа на секој од присутните им беше поделен гратис „Макулеин". Дружењето со членовите на здружението на инвалиди и на Активот на жените од Бутел се реализираше на почетокот на септември во просториите на општината. Огромен беше интерсот и посетеноста на предавањата во ЗП Кисела Вода на 5. Септември, како и на 7. септември во ЗП Ѓорче Петров, а на 14. септември имаше дружење со пензионерите од ЗП Солидарност – Аеродром. Овие средби беа организирани со подршка на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.

**Др. Билјана Јованоска - Димитровска**

# Алергија

Алергија е неправилно функционирање на имунолошкиот систем. Организмот на алергичното лице бурно реагира на одредени супстанци, кои обично не се штетни. Ваквите супстанци се нарекуваат „алергени". Реакцијата на алергените обично создава воспаление, кое предизвикува различни симптоми, како што се висока температура, егзема, астма и друго. Здравиот организам антителата го штитат од вируси, бактерии и инфекции. Кај алергичните особи имунолошкиот систем погрешно го препознава алергенот како непријател, и почнува да произведува антитела за одбрана од нив. Таквите антитела наречени имуноглобулин Е (igE) се врзуваат за масните клетки, кои ги има во изобилство под површината на кожата, во носот, очите, белите дробови и гастроинтестиналниот тракт. Кога антителата igE пронаоѓаат алерген го привлекуваат, и предизвикуваат масните клетки да создаваат моќни хемикалии, вклучувајќи хистамин. Ова предизвикува алергиска реакција. Алергиската реакција може да се случи веднаш или по неколку часа после контакт со одреден алерген. Алергиската реакција може да предизвика различни симптоми.

**Најчести видови на алергени:**

- алергени кои се пренесуваат преку воздух – прашински грини, полен, спори од мувла, влакна од животни и друго
- храна – кикирики, јајца, соја, млеко, јагоди, чоколадо и друго
- убоди од инсекти – за да се спречи ширење на отровот веднаш треба да се извади осилото, клежот треба да го вади
- лекови – најчест алерген е пеницилинот, кој пак од друга страна е многу лековит.

Симптомите на алергиската реакција зависат од тоа, на кој начин алергенот влегува во телото. На пример, полен кој се вдишува преку нос, обично предизвикува симптоми во носот, очите, синусите и грлото. На сите позната реакција на полен е алергиски ринитис или поленска треска. Од друга страна пак, алергијата на храна обично предизвикува проблеми во стомакот и цревата. Алергиските реакции често се случуваат истовремено во различни делови на телото и може да варираат од благи до тешки и опасни по живот. Најчесто симптоми се јавуваат на:

- кожа: егзема и отекување на лицето
- секрет од нос, болки во грло, кашлица, отежнато, дишење
- гадење, повраќање, болки во стомакот, дијареа
- чувство на малаксаност, слабост, бледило, несвестица

**Лечење од алергија -** Пред 100 години зборот алергија не постоел, иако можеби имало алергии. Но, во последно време истражувањата покажуваат алармантни факти. Така, Британските научници утврдиле дека во периодот од 1990 до 2001 година, бројот на луѓето кои страдаат од алергија, се зголемил за 7 пати. Во 1950 година, секој седми Американец имал алергија, во 1970 година имал секој петти, а во 1985 година секој трети. Иако сето ова непобитно е така, до денес класичната медицина не ја лекува алергијата. Сите лекови за алергија делуваат на тој начин што ги отстрануваат или ублажуваат симптомите од неа. Таквите лекови ја блокираат реакцијата на имунолошкиот систем, или во потешки случаи, ја потиснуваат работата на целиот имунолошки систем со помош на локални стероиди. Пациентите се зависни од овие лекови и при тоа страдаат од многу нуспојави кои ги предизвикуваат истите. Најлошо од сето ова е што пациентите константно го потиснуваат својот имунолошки систем, што уште повеќе ја влошува нивната состојба. Во последно време се направени многу истражувања во овој домен. Интересно е што некои резултати ја претставуваат алергијата во едно поинакво ново светло. Така пронајдена е поврзаност на алергијата со паразитите. Паразитите кои се наоѓаат во цревата на човекот ослободуваат токсичен отпад, кој ја нарушува нормалната работа на имунолошкиот систем и започнува циклус на алергии. Исто така потврдено е дека, здравата микрофлора на цревата и желудникот е пресудна за спречување на алергии. Добрите бактерии природно го штитат телото од паразити, вируси и бактерии. Здравата микрофлора го јакне имунолошкиот систем и поттикнува негова нормална работа. Научниците претпоставуваат дека за алергијата се виновни загадениот воздух, загадената почва, обработената и конзервирана храна, разни адитиви во храната, прекумерната употреба на лекови, прекумерната употреба на средства за чистење, како и нездравиот начин на живот.

подготвила: **З. Кацеска**

## Виното - храна и лек

(Акростих)

**В**етерот ги лелее лозовите лисја
**И**згрејсонце ги милува лозите
**Н**ародот ги обработува лозјата
**О**зарени лица на луѓето
**Т**овар голем е обработка на лозјата
**О**леснување е, примена на механизацијата



**Х**идро систем, уште една помош
**Р**аспрскувачи на сите страни
**А**грарот може да напредува
**Н**ародот олеснувачки да дише
**А**ргати спремни за берба

**И**

**Л**ек за душата е сипан во бурето
**Е**ве го и на маса, за здравица наша
**К**азанот пече, ракија тече!

**М**оми за мажење
**А**ма, и
**К**умановски
**Е**ргени за женење
**Д**обредојдовте на орото
**Н**ародно
**С**ватови и
**К**умови
**И**граат сите весело.

**Борјана Раликј, пензионер од Куманово**

Златен јубилеј

# „Младенците да не знаат"

„Ве молиме за ова изненадување младенците да не знаат – ќе напишат во поканите Даниела и Благоја за „златната свадба" на своите родители.

Половина век заеднчки живот за брачниот пар Верица и Драги Димитровски од Скопје е време во кое љубовта и довербата им помогнале своето семејство да го сочуваат од се во изминатите 50 години. Среќни и задоволни Верица и Драги неодамна ја прославија својата златна свадба – 50 години брак.

– Прославата на нашата "Златната свадба" ни е подарок од нашите деца. Нашата ќерка Даиела, прославата ја организирала без наше знаење. Испратила покани до најблиските и пријтелите од Македонија. Така, на денот на нашата „златната свадба", јас и мојот сопруг Драги, бевме пријатно изненадени – вели Верица.

„Невестата", Верица (моминско презиме и е Влашка) по потекло е од Берово, а Драги е скопјанец. Верица завршила Филозофски факултет, Драги е лекар. Својот работен век и двајцата го помиале во „државната болница" во Скопје.

Денес своите пензионерски денови, тие ги поминуваат во своја куќа во Пехчево, во прегратките на Малешевијата – надвор од бучниот градски живот во Скопје

– Меѓусебното почитување допринесе јас и Драги да поминеме заедно половина век живот. И во нашиот брак, како и во другите, има проблеми, но секогаш настојуваме да најдеме заедничко решение. За се се договараме, а тоа ја зацврстува довербата меѓу нас. Во животот секогаш сме оптимисти Морам да кажам дека и со нашите деца, ќерката и синот, немамвме поголеми проблеми при воспитувањето и ние сме задоволни од нивниот однос кон нас како родители – вели Верица.



За разлика од Верица, Драги само го следи разговорот, но се вклучи кога стана збор за нивите деца.

– Јас бев строг кон децата и тие го знаеја тоа, но никогаш не ми замерија. Бев

строг зашто ги сакам и како родител секогаш им го посакувам најдоброто во животот. Секако дека тие тоа го почитуваа, и денес сум среќен бидејќи имаат добар живот – напоменува Драги.

Разговорот не одведе кон денешниот пензионерски живот на Верица и Драги. И двајцата ителектуалци, поголем дел од време одвојуваат за другарување со книгата, но се радуваат и на утринските средби со кафе со своите соседи и пријатели во Пехчево.

– Драги својот ден го исполнува со средби и со шетање во околината на Пехчево,

но најмногу се радуваме при нашата средба со децата, преку интернет и компјутерот. Децата ни живеат надвор од нашата земја, ги посетуваме и двајцата имаме поминато повеќе време кајнив, каде што помагаме во чувањето на нашите внуци. Јас својот активен пезионерски живот го поминувам и во плетење, шиење и везење. Еве и еден интересен факт од нашиот живот во Пехчево. Многумина пехчевци, а пред сѐ помладите, не знаат дека во нивниот град живее лекар, кој преку својот работен век во најпрестижната медицинска установа во Македонија, помогнал на илјадници луѓе да бидат посреќни во животот. Затоа при првата средба со Драги тие се изненадени но и веднаш му ја даваат и должата почит – додава Верица.

Во пространиот двор, кој е и вистински парк, можат да се сретнат и разни цвеќиња и растенија кои со љубов ги одгледува Драги.

Ги оставаме нашите домаќини, со желби да дочекаат и прослават други јубилеји од нивниот заеднички живот.

**Драги Ролевски**




## Фиксна телефонија на ONE

ONE Ви нуди најевтино решение за фиксна линија со кое добивате:

- Најниска месечна претплата од 149 денари
- Бесплатно го задржувате стариот број
- Иста цена за разговори во цела земја
- Без надоместок за приклучок (со 24-месечен договор)
- Најповолни цени за разговор
- Бесплатен фиксен телефон – HWCD399

Повеќе информации во **Центарот за грижа за корисници на (02) 181.**

www.one.mk




## НЛБ Сребрен пакет

- VISA Electron дебитна картичка
- ПЕНЗИОНЕР+ Maestro картичка
- Зегин - НЛБ Тутунска банка картичка
- Кредитни картички
- Трајни налози
- Сребрен кредит за пензионери
- Депозити за пензионери

## Поволности

- Пензија на **првиот работен ден** во месецот
- Плаќање на **рати без камата** во сите аптеки на Зегин
- **3% попуст во ВЕРО** маркетите за имателите на ПЕНЗИОНЕР+ картичката

NLB Тутунска банка

www.nlbtb.com.mk Контакт центар: 02/15-600




## ЗАНИМЛИВОСТИ

- Слонот може да умре од скршено срце.
- Вкупната маса на сите мравки е скоро иста со вкупната маса на сите луѓе на планетава.
- Забите на зајакот никогаш не престануваат да растат.
- Комарците имаат 47 заби.
- Млекото на нилскиот коњ е розево.
- Пајаците имаат безбојна крв.
- Слоновите не можат да скокаат. Не се доволно флексибилни.
- Пчелите никогаш не спијат.
- Медузата е 95% вода.
- Птиците колибри не можат да одат.
- Кога нилските коњи се вознемирени, потта им станува црвена.
- Ако ајкулите се свртат на грб, паѓаат во кома.
- Мравките не спијат.
- Змиите се имуни на сопствениот отров.
- Коските на гулабот се полесни од неговите пердуви.
- Мачките имаат 4 реда бркови.
- За да се свари јајце од ној, потребни се околу 40 минути.
- Кучињата може да произведат околу 10 различни гласови, додека мачките околу 100.
- Мечката има 42 заби.
- Комарците повеќе сакаат деца од возрасни и плавуши повеќе од бринети.
- Колибри е единствената птица која може да лета назачки.
- Жирафите спијат 20 минути дневно.
- Лимоните содржат повеќе шеќер од јагодите.
- Жирафата може да си ги чисти ушите со својот јазик.
- Динамитот содржи кикирики.
- Најголемата лубеница некогаш израсната била тешка 119кг.
- Жабите неможат да голтнат без да ги затворат очите.
- Луѓето трепкаат повеќе од 10.000.000 пати во текот на една година.
- Во текот на еден ден, човекот прави просечно 18.000 чекори.
- Земјата тежи околку 6.600.000.000.000.000.000.000 тони.
- Ѕвездите кои ти се појавуваат кога ги триеш очите се нарекуваат фосфени.
- Човековите очи може да разликуваат 17.000 бои.
- Човековото срце чука повеќе од 100.000 пати во текот денот.
- Секогаш кога киваш, твоето срце запира.
- Тежиш помалку кога има полна месечина.
- Не можеш да кивнеш со отворени очи.
- Ајфеловата кула во лето е 15цм повисока.
- Жените живеат подолго од мажите.
- Деснаците, просечно, живеат 9 години повеќе од левците.
- Просечниот човек се смее 13 пати на ден.
- Најмладиот папа имал 11 години.
- Интелигентните луѓе имаат повеќе бакар и цинк во косата.
- Човековото тело има количина на железо доволна за да направи една шајка.

З.К.

## КРСТОЗБОР



| СКАНДИ | ДЕЛОВЕН ПОТФАТ | АМАДЕО АВОГАДРО | МАРКА ГЕРМАНСКИ АВТОМОБИЛИ | ШВЕДСКА ПОП ГРУПА | КОБАЛТ | ЈОД | СКАНДИ | БОГ НА ПЛОДНОСТА КАЈ ФЕНИЌАНИТЕ | ЗНАК ЗА АВСТРАЛИЈА | ПОЗНАТ ТОП МОДЕЛ (ФОТОС) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МЕРКА ЗА ХАРТИЈА (МН.) | | | | | | | КАНАД. ПОЛИТИЧАР ТИМ / ФИЛОЗОФОТ БЕКОН | | | | | | | | |
| ФИЛМ СО СИЛВЕСТЕР СТАЛОНЕ | | | | | | КАЗНА ВО ФУДБАЛОТ / Ж. ИМЕ (ТЕОДОРА) | | | | | | | | | |
| АМПЕР | | ЕДИН. ЗА МАГНЕТЕ ФЛУКС / НЕОБИЧНА ПОЈАВА | | | ПРОЕКТИРАН ПРАВЕЦ НА ПАТ / ЕГИПЕТСКИ БОГ | | | | | | | | | | |
| НЕНЕ ЧЕРИ | | | НАСЕЛЕНА ПОВРШИНА (ЛАТ.) / ЛУТ, ЖЕЖОК | | | | | | У. / ЕДМОН РОСТАН | | | | | | |
| ГРАД ВО ТУНИС | | | | ЗАЕДНИЦА НА ГЕРМ. РАДИО СТАНИЦИ / МАКА (ТУР.) | | | | АРТИСТОТ НЕЛЗОН / ИНИЦ. НА АРТИСТОТ ЖЕЖОСКИ | | | | | | | |
| МЕСТО ВО РОМАНИЈА, СЕВЕРНО ОД АРАЛ | | | | | ПРСКАВИ ПЛАМЕНЧИЊА / ПОКАЗНА ЗАМЕНКА | | | | | | | | | | |
| ГРАДСКО ШЕТАЛИШТЕ | | | | | | ОСТРОВ ВО ЈАДРАНОТ / УНГАРСКИ ПИЈАНИСТ ГЕЗА | | | АЛТ / АЛ КОРАЛИ | | СКАНДИ | АМЕРИКАНСКА АНТИЛОПА | АРТИСКАТА РЕМИК | СРПСКИ ПЕЈАЧ | ПОЗНАТА СВЕТСКА СПОРТСКА ОБЛЕКА |
| ЦИЈАН | | МАШКО ИМЕ / ЕЗЕРО ВО ШВАЈЦАРИЈА | | | | | | АЦО ШОПОВ / СЈУ ЛАЈОН | | | ПОТРЕБА ЗА ЈАДЕЊЕ / ЛИЧНА ЗАМЕНКА | | | | |
| ОСТРОВ ВО ЈАДРАНОТ | | | ИЛЈАДА (ТУР.) / ИМЕТО НА ПЕЈАЧКАТА ЏЕКСОН | | | | КЛОШАРИ / ЕСКИМ | | | | | | | | |
| АРТИСТОТ БРИНЕР | | | | УПРАВНИК ВО РИМ. ЦАРСТВО / ВИД ГУШТЕР | | | | | РЕКА ВО КИНА / ФР. СЛИКАР ЛУЈ ЛЕОПОЛ | | | | АМЕР. МАЈМУН / КОШАРИ ЗА ОВЦИ | | |
| ПРВАТА БУКВА ОД АЗБУКАТА | | “АВЕНИЈА“ / ГРАД ВО ИНДИЈА | | | АНКОНА / ПИСАТЕЛОТ КАРОВСКИ | | | БРИТАНСКА АВИОНСКА КОМПАНИЈА / МИМА ЈАУШОВЕЦ | | | | ПОЧВА ЗЕМЈИШТЕ (МН.) / ЛИЧНА ЗАМЕНКА | | | |
| ЕПОНИМ НА ИТАЛИЈА / ФИЗИЧАРОТ ЕРНСТ | | | | | | ЗАМОР / ПОВИШЕН МУЗИЧКИ ТОН “Ц“ | | | | | РАБОТА / СКР. ЗА МЕТАР-КГ-СЕК | | | | |
| ОБОЖАВАЊЕ (ЛАТ.) | | | | | | | | | | ИМЕТО НА ФУД. ЃУРОВСКИ / АЛЕК. ОПАРИН | | | | | |
| ТУРСКИ СУЛТАН | | | | | | | | СИЛЕН, МОЌЕН / КЕЛВИН | | | | “ПРОТИВ СИТЕ РИЗИЦИ“ (МОРНАР) / КЕКС | | | |
| ПИКНИК | | | | | | | ТРАФИКА | | | | | | АВТОЗНАК ЗА САРАЕВО | | |

## Хумор

Ја прашува комшивката Фата кога и е роденден.
– Во ноември – одговара Фата.
– Што ќе ти купи Мујо за подарок?
– Четири метра дрва.
– Дрва?!
– Па, зима е! Да е пролет ќе ми купеше цвеќе!

******

Го прашува Перо Трпата:
– Знеш ли Трпе зошто не пали „Мерцедес“ во Сибир?
– Од ладното!
– Да, замрзнува раката на возачот!

******

Пријатели го прешуваат тазе оженет како му е во бракот:
– Ужас, жената ми забрани. Не смеам да пушам, да пијам, да пцујам, не смеам да излегувам навечер со другарите...
– Сигурно сега се каеш што се ожени?
– И тоа ми е забрането!

******

Во кафеана разлутен гостин удира со тупаница во масата:
– Ова ли го нарекуваш силно кафе?!
– Да, се разбира, му вели кенлерот, гледате ли колку сте силен само од една голтка!

******

– Подобро да се омажев за црниот ѓавол, отколку за тебе – му вели разлутено жената на својот сопруг.
– Нема да можело, забранети се бракови меѓу блиски роднини!

******

Влегува ликовен критичар во уметничко ателје:
– Каква прекрасна слика, каква визија, каква експресија!
– Да?! Па тоа е платното каде си ги бришев рацете од боите!

******

Си разговараат троица пријатели:
– Ми почина бабата минатиот месец. И купивме многу убаво место под еден орев.
– И мене ми почина бабата минатата недела и ние и купивме убаво место покрај патот.
Слуша третиот и го вади мобилниот:
– Што правиш, бабо?
– Гледам ТВ и дремам во фотеља.
– Дреми, дреми, ама ќе се потрошат убавите места!

******

Го прашува дедо му Кирета:
– Ги знаеше ли прашањата од тестот?
– Да, бе дедо!
– Па, зошто си добил единица?
– Не ги знаев одговорите!

## Лавот и магарето




Еднаш лавот и магарето склопиле пријателство и тргнале на лов. Кога втасале до некоја пештера во која имало дивокози, магарето влегло внатре и рикајќи ги бркало дивокозите, а лавот стоел пред влезот и ги фаќал оние што излегувале. Откако лавот фатил повеќе кози, магарето излегло и прашало:
– Храбро, бев, нели добро ги бркав дивокозите?
– Да, беше толку храбро што и јас ќе се преплашев ако не знаев дека си магаре.

# Активности по повод Денот на пензионерите на Република Македонија

ЗП Радовиш и Конче

## Свечена седница по повод денот на пензионерите

Под покровителство на градоначалникот на Општина Радовиш Д-р Роберт Велков на 20 септември во ресторанот „Шампион“ во пријатна свечена атмосвера беше одбележана 66 годишнината од пензионерското организирање во Македонија.



На свечената седница по тој повод, покрај членовите на Собранието на ЗП, беа присутни и претТставници на Локалната самоуправа на Општините Радовиш и Конче, на ФПИОМ, Фондот за здравство осигурување, ОО на Црвен крст, ОО на СБМ, Центарот за култура, Здравствениот дом, Здружението за заштита на човековите права и локалните медиуми ТВ Еми и ТВ Кобра.

Претседателот на Собранието на Здружението, **Јордан Костадинов** во своето обраќање посебно се задржа на зголемените успеси во работата, а особено на заштита и унапредувањето на интересите на пензионерската популација, како и подобрување на културните, спортските и хуманитарните активности.

Градоначалникот Д-р **Роберт Велков**, искажа задоволство од големата раздвиженост во пензионерската организација, а посебно ја истакна се подобрата соработка со локалната самоуправа.

Градоначалникот на општина Конче **Стојан Лазаров** пред присутните се заложи за подобрување на условите и квалитетот на живот на пензионерите. Потоа свечено беше предадена Благодарница на рудникот за бакар „Бучим“ – Радовиш.

Примајќи ја благодарницата, заменикот генерален директор **Николајчо Николов**, во името на рударите се заблагодари, истакнувајќи дека секое признание поттикнува нов ентузијазам

Свеченоста беше збогатена и со пригодна културно–уметничка програма од страна на женската пејачка група при здружението. На задоволство на сите присутни, свеченоста продолжи во весела атмосвера со песни, ора и музика.

**Л. Младеновска**

ЗП Македонска Каменица

## 15 години самостојно постоење

Денот на пензионерите на Македонија, 20 септември и оваа година ЗП од Македонска Каменица го одбележа со традиционална другарска вечер. Воедно на овој ден здружението го прослави и својот јубилеј, 15 години самостојно дејствување. На средбата беа присутни повеќе гости од околните општини, а како и на секое чествување и ова не помина без присуството на градоначалникот на Македонска Каменица, м-р Дарко Митевски и на други членови од локалната самоуправа. Ова присуство зборува за плодната меѓусебна соработка на сите полиња меѓу здружението и општината.



Присутните гости ги поздрави претседателот на ЗП Македонска Каменица, **Видан Коневски**, кој на пензионерите срдечно им го честита празникот и 15 годишниот јубилеј, посакувајќи им добро здравје, долг живот и благосостојба. Притоа, посебно им се обрати на пензионерите кои ги поставија темелите на здружението пред 15 години и им се заблагодари затоа што и денес повеќето од нив се уште се вградуваат во постигнувањата и успесите. Сегашното ново раководство добро го раководи здружението, а за тоа зборуваат бројните успеси. Дружењата се своевидни средби на повеќе генерации, а за тоа посебна заслуга има претседателката на Активот на пензионерки Кирка Атанасовска. Со формирањето на Активот и со нејзиното назначување пред 4 години за претседател, културно – забавниот живот доби широки димензии во Здружението. За кратко време се оформи фолклорно машка и женска пеачка и играорна група, кои земаат учество на сите пензионерски средби во градот и пошироко.

ЗП Македонска Каменица бележи и убави резултати на спортско поле, како и на организирање екскурзии, хуманитарни акции и друго.

**В.К.**

Велес

## 55 години пензионерско организирање

На 20 септември во салата „Бели Мугри“ во Велес во присуство на претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски, градоначалникот Горан Петров и други гости беше органИзирана свеченост по повод Денот на пензионерите и 55 годишнината од формирањето на Здружението на пензионери, организација која обединува 80 проценти од пензионерите. На свеченоста, пред присутните гости и членови, за работата на ова здружение зборуваше претседателот Љубомир Георгиев кој меѓу другото рече:

– Во 1957 година велешкиот огранок на пензинери имаше мал број на пензионери. Првата декада е заокружена со 650 членови, а денес таа бројка изнесува 7.800 пензионери и 450 сопружници, кои не се пензионери, а се членови на здружението. Здружението има ограноци во 14 месни и урбани заедници во општините Велес, Градско и Чашка.



Денес, пензионерите од Велес организираат сопствена програма, вклучени се во активностите на Сојузот како рамноправна членка. При тоа покренувачи се и реализатори на повеќе манифестации.

На свеченоста беа доделени благодарница на институции и поединци. Со претставата „Печалбари“ од Антон Панов во режија на Стоје Додевски во изведба на Драмската работилница при КУД „Гоко Симоновски“ од Куманово заврши официјалната прослава, а сите заедно со песни и ора го заокружија јубилејното празнување на велешкото здружение на пензионери.

**Божана Ќулавкова**

ЗП Демир Хисар

## Перманентна грижа за најстарите пензионери

Здружението на пензионери од Демир Хисар едногласно го избра Пере Петрески за нов председател. Тој, веднаш по изборот почна да реализира активности. Така ЗП Демир Хисар годинава Денот на пензионерите 20 септември, го одбележа со отварање нова страница во работењето и реализација на програмските цели.



Под мотото „Да не ги заборавиме најстарите“ почна да се спроведува хуманитарната акција за грижа и внимание кон најстарите пензионери кои се нашле во тешка материјална и здравствена состојба. Акцијата која ќе има традиционален карактер се реализира во соработка со Приватната здравствена установа д-р Најдовска и Здравствениот дом Демир Хисар. Со оваа акција беа посетени 30 пензионери од повеќе населени места од општината. Притоа на изнемоштените пензионери им беа поделени пакети со најпотребните прехранбени продукти, а од страна на здравствените екипи со лекари и медицински сестри беа вршени прегледи на пензионерите, бесплатно им беше мерен крвен притисок и нивото на шеќер во крвта.

Според новиот председател Пере Петрески и председателот на Надзорниот одбор Кирило Блажески ова е прва посета на пензионерите со помали пензии е само почеток на сеопфатната акција што ќе се реализира во наредниот период. Кога ќе бидат посетени над 100 пензионери во општината.

Несебичната помош искажани од д-р Жаклина Насева, д-р Марија Грозданова, д-р Соња Талевска и Јулијана Николовска е за секоја пофалба.

**З. Стевановски**

## Пензионерите ќе гостуваат и во Врање

Пензионерите од ЗП Демир Капија, организирано го прославија 20 септември – Денот на пензионерите. За значењето на празникот зборуваше претседателот на Здружението **Благој Кавазовски**, кој, покрај другото, ги наведе остварените активности и ги истакна настаните кои оставиле посебен впечаток како што беа пикниците на зелено во Дошница кај Демир Капија, во Дојран, Радовиш, Ново Село и во Неготино. При овие организирани гостувања пензионерите посетуват културно–историски знаменити места, а при тоа доаѓа до запознавања и другарување со пензионери од други градови. Исто така тој соопшти дека оваа година ќе има гостување во градот Врање, во Република Србија, со цел да ја посетат Врањска бања, градот и некои знаменити места. Гостувањето Здружението ќе го организира во соработка со Врањското здружение на пензионери, при што ќе бидат разменети искуства. Тој ги запозна пензионерите и со успесите што се постигнати на спортски и културен план. Поради недостаток на финансиски средства Здружението немало претставници на манифестацијата „Пензионерите пеат“, но ќе настојува ваквата состојба да се подобри и да се исполнат желбите на сите членови на Здружението.



**М.Пашоевски**

## Прославен Денот на пензионерите во Штип

На 20.09.2012 година во просториите на ЗП Штип беше прославен Денот на пензионерите. Пред присутните за значењето на овој ден зборуваше **Михаил Василев** претседател на ЗП Штип и Карбинци. Тој ги поздрави присутните и потсети на далечната 1946 година кога за прв пат околу 500 пензионери почнале да се дружат, спортуваат, да пеат и играат и да ги одмеруваат своите способности и вредности кои се уште ги имаат. Наредната 1947 година е формирано здружението во Штип кое денес брои 8700 членови и се грижи за здравјето и стандардот на оваа популација. Посебно нагласи дека е во тек изградба на нов дом со јавно приватно партнерство и помош од локалната самоуправа со локација доделена во населбата Дузлак кој ќе се простира на 5 500 метри квадратни со сите придружни простории и лекар и во кој околу 100 пензионери ќе си најдат свое катче. Исто така се бара локација и се подготвува документација за два клуба на пензионери во најоддалечените населби од градот Три чешми и Баби.



Секако дека ова навраќање на овој значаен датум за пензионерите се покажа повеќе од потреба за да го видиме напредокот од здружувањето.

**Цвета Спасикова**

ЗП Охрид и Дебрца

## Пригодно одбележан празникот на пензионерите

Денот на пензионерите на Македонија 20 септември, ЗП Охрид и Дебрца и годинава го одбележа на пригоден начин со свечена прослава. Во присуство на голем број пензионери и гости од пријателските градови Врање (Србија), Поградец (Албанија), како и претставници на СЗПМ, пригодно обраќање по повод празникот на пензионерите имаше претседателката на Собранието на ЗП Охрид и Дебрца Маринела Јовановиќ, која се осврна на почетоците на пензионерското организирање во Македонија, со посебен осврт на нивното здружение.



На Свечената прослава по повод Денот на пензионерите, од името на СЗПМ им го честита и им посака добро здравје и долг живот и уште поголеми резултати во работата, секретарот на Извршниот одбор на СЗПМ Станка Трајкова и во своето пригодно обраќање искажа пофални зборови за активноста и постигнатите резултати на ЗП Охрид и Дебрца, особено на Активот на пензионерки, на одличните резултати постигнати на спортски план и во културниот живот.

На Свечената прослава од името на Општината Охрид, пензионерите и гостите ги поздрави и градоначалникот Александар Петрески, кој потврди дека конечно е доделена локацијата на која ќе се гради Дом за стари лица, а ја најави и дамнешната иницијатива која е пред конечна реализација, и охридските пензионери да добијат бесплатен автобуски превоз.

Празникот на пензионерите беше збогатен и со промоција на Монографијата „Охридските пензионери низ времето“ чиј автор е претседателот на Извршниот одбор на ЗП Охрид и Дебрца Ѓорѓи Трпчески. Промотори на Монографијата беа професорите Маринела Јовановиќ и Зоре Мицкоски.

**К. Спасески**

ЗП Струмица

## Почит кон тетка Марика

На 27 септември, после проширената свечена седница на Собранието на ЗП Струмица, која се одржа по повод Денот на пензионерите на Македонија во пензионерскиот дом во Струмица на свечен начин беше откриена спомен–биста на Марика Георгиева.



– Откривајќи ја оваа спомен биста со ликот на Марика Георгиева, ние, нејзините следбеници оддаваме достоина почит на еден од иницијаторите и претседател на Одборот за изградба на Домот на пензионерите во Струмица, на еден протагонист на пензионерското организирање и хуманист со високи човечки вредности – рече меѓу другото претседателот на Собранието на ЗП Струмица **Атанас Крстев**.

Тетка Марика – како што ја нарекуваа пензионерите својата долгогодишна претседателка, е родена во сиромашно работничко семејство во градот на Отиња – Штип. По завршено соодветно образование се вработува во скопската пошта, каде за кратко време стекнува голем углед меѓу вработените.

Поради потврдените човечки вредности, пензионерката Марика Георгиева била избрана за претседател на ЗП Струмица и веднаш се зафатила за реализирање на својата благородна и хумана идеа – изградба на Домот на пензионерите, која започнала во 1969 година, а Домот бил предаден во употреба во мај 1971 година. Струмичани меѓу првите во Македонија добија функционален објект заедно со 10 еднособни депанданси за пензионери со нерешено станбено прашање.

**И.Станоев**